МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ АД-Скопје

**БРОЈ 23/1-1/07**

# СТ - 36

ТАРИФА ЗА ПРЕВОЗ НА СТОКИ ПО ПРУГИТЕ ВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Д е л 1

## УСЛОВИ ЗА ПРЕВОЗ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИНА

Важи од 01.09.2007 год.

С К О П Ј Е
2007 год.

Стапувањето во сила на оваа Тарифа е објавено во Службеното гласило на Македонски железници Транспорт АД-Скопје бр. 3 од 22 Август 2007 год.

Тарифата е подготвена и уредена согласно
Решение бр. 1169/2 од 23.05.2007 од Комисија за изработка на Тарифи
за превоз на стока во внатрешниот сообраќај во состав:

Фото Горгиев
Стојан Малиновски
Илче Целески
Ѓорѓи Органџиев
Илија Здравески

Тираж: 250 примероци

Печати: Печатница на МЖ Транспорт АД-Скопје

С О Д Р Ж И Н А

Страна

ТАРИФА-ДЕЛ 1-УСЛОВИ ЗА ПРЕВОЗ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИНА

*Општи услови за превоз*


Член 1 Видови на превоз. Видови на сообраќај. Поим и вид на пратка. Начин на превоз .. 9
Член 2 Ограничување на превозот........ 9
Член 3 Работно време ........ 9
Член 4 Обрасци. Товарен лист ........ 10
Член 5 Пакување на стоката ........ 10
Член 6 Порачување и доставување на вагони и товарен прибор ........ 11
Член 7 Товарење и истоварување на стока ........ 11
Член 8 Рок на товарење ........ 13
Член 9 Утврдување на масата и бројот на парчиња од пратката ........ 13
Член 10 Предавање и прием на стоките на превоз ........ 14
Член 11 Превозен пат ........ 14
Член 12 Склучување Договор за превоз ........ 14
Член 13 Рокови на испорака ........ 15
Член 14 Проверување и утврдување на масата и содржината на пратката ........ 15
Член 15 Додаток на превознина ........ 16
Член 16 Привремено сметување на стоката ........ 17
Член 17 Царински и други работи ........ 17
Член 18 Плаќање на превозните трошоци ........ 18
Член 19 Аванс. Претприемно плаќање ........ 18
Член 20 Измена на договорот за превоз ........ 19
Член 21 Пречки при превозот ........ 20
Член 22 Проверување на бројот на парчињата, масата и содржината на пратката
во упатната станица ........ 20
Член 23 Прретходно известување на примачот за пристигнување на вагонските пратки . 21
Член 24 Известување на примачот за пристигнување на пратката ........ 21
Член 25 Издавање на стоката и земање мостра ........ 21
Член 26 Рокови за однесување на стоката ........ 22
Член 27 Повторно предавање на пратките на превоз (реекспедиција) ........ 23
Член 28 Пречки при издавање ........ 24
Член 29 Утврдување на губење или оштетување на стоката ........ 24
Член 30 Одговорност на превозникот за надоместок на штета кај повторно
предавање (реекспедиција) на пратка ........ 24
Член 31 Ограничување на одговорноста на превозникот во посебни случаи ........ 25
Член 32 Висина на одштетата и надоместок поради пречекорување
на рокот на испорака ........ 25
Член 33 Рекламации ........ 25

**Пресметување на превознина**

Член 34 Општи прописи ........ 26
Член 35 Денковни пратки ........ 27
Член 36 Вагонски пратки ........ 27

**Посебни услови и пресметување на превознина**

Член 37 Мешовит (комбиниран) превоз на пратки ........ 28
Член 38 Превоз на пратки на индустриски пруги надвор од јавниот сообраќај ........ 28
Член 39 Шински возила на сопствени тркала кои не се сврстени
во вагонскиот парк на некоја железница ........ 28
Член 40 Возила ........ 29
Член 41 Железнички вагони за посебни намени ........ 29
Член 42 Особени пратки ........ 29
Член 43 Превоз на долги предмети во повеќе вагони, додавање на штитни и
вметнати вагони, односно вагони од технички причини ........ 30
Член 44 Денчани кабасти предмети ........ 31
Член 45 Мешовит воен транспорт ........ 31

Член 46 Превоз на опасни материи и предмети пропишани во РИД .......................... 31
Член 47 Придружник на пратка .......................................................................... 31
Член 48 Превоз на живи животни ..................................................................... 32
Член 49 Палети .................................................................................................. 32
Член 50 Превоз на контејнери .......................................................................... 32
Член 51 Покривачи и носачи (потпирачи) на покривачите .......................................... 33
Член 52 Останат товарен прибор ..................................................................... 34
Член 53 Материи и предмети кои служат за заштита на стоките од топлина и ладно .. 35
Член 54 Додавање мраз во текот на превозот ............................................................ 35
Член 55 Вагони со специјална конструкција сопственост на превозникот ................ 36
Член 56 Вагони на корисникот на превоз и вагони во закуп ...................................... 36
Член 57 Маршрутен воз на испраќачот ........................................................................ 37
Член 58 Пратки во посебни товарни возови ................................................................ 37
Член 59 Пратки во група вагони ...................................................................... 38
Член 60 Довоз и одвоз на стока ....................................................................... 38
Член 61 Делумно донатоварување или истоварување во текот на превозот ........... 38
Еднообразни правила за пакување и натоварување на одредени видови на стока . 39
Мостри .................................................................................................................. 43

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

| Број на извест-вање | Објавено во ТТИ | | Важи од | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | Број | Година | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 3 од Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник бр. 55 од 4 мај 2007 г.) и член 19, точка 3 од Статутот на акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје (Службен весник бр. 58 од 11 мај 2007 г.), Управниот одбор на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, на седницата од 20.08.2007 год., ја утврди и донесе:

# ТАРИФАТА ЗА ПРЕВОЗ НА СТОКИ ПО ПРУГИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИ ПРОПИСИ

1. Тарифата се применува за превоз на стока во внатрешниот железнички сообраќај. Оваа Тарифа се применува и за превоз на стока во меѓународниот железнички сообраќај, доколку за тој превоз не се применуваат меѓународни тарифи, како и за случаи кои не се пропишани со меѓународни тарифи.
2. За превоз на предмети преку пругите во Република Македонија, покрај оваа Тарифа, се применуваат и:
   1) Законот за договори за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник бр. 55 од 4 мај 2007 г.);
   2) Прописите кои ги донесуваат надлежните органи, кои се во врска со работата на железницата и нејзините односи со корисниците на превозните услуги;
   3) Правилникот за превоз на опасни материи со железница во внатрешниот и меѓународниот сообраќај (РИД).
3. Тарифата се состои од следните делови:
   Дел 1 - Услови за превоз и пресметување на превознина;
   Дел 2 - Класификација на стоките;
   Дел 3 - Именик на железничките станици на пругите во Р. Македонија;
   Дел 4 - Далечинар за превоз на стоки по пругите во Р. Македонија;
   Дел 5 - Патоказ;
   Дел 6 - Ценовник на железничките услуги;
   Дел 6а - Надоместоци за доставување или извлекување на вагони на посебни и индустриски колосеци на пругите во Република Македонија.
4. Тарифата, делови од Тарифата и нејзините одделни прилози се објавуваат во посебни изданија.
5. Превознината, дополнителната превознина, додатокот на превознината, надоместоците за споредни пристојби и други трошоци пропишани со Тарифата, кои настануваат во текот на извршувањето на договорот за превоз, се пресметуваат според прописите од оваа Тарифа која важи на денот на склучување на договорот за превоз, а во случај на повторно предавање, според прописите од оваа Тарифа на денот на повторното предавање.
6. Ако во текот на примената на Тарифата се појават случаи кои не се пропишани, ќе се изврши дополнување на Тарифата. До објавувањето на дополнувањето, превозот и пресметувањето на превозните трошоци ќе се вршат врз основа на посебна спогодба помеѓу Македонски железници Транспорт АД-Скопје и корисникот на превозот.
7. По барање на корисникот на превозните услуги, превозникот ќе ги стави тарифите на увид.
8. Толкување на прописите на Тарифата дава Управниот одбор на Македонски железници Транспорт АД-Скопје
9. Стапувањето на сила на Тарифата, односно нејзините одделни делови и прилози, измени и дополнувања, како и престанокот на нивното важење се објавува во Службеното гласило на Македонски железници Транспорт АД-Скоје.
10. Со стапување во сила на оваа Тарифа престанува да важи Тарифата за превоз на стока на пругите на Југословенските железници, Дел 1 - Услови на превоз и пресметување на превознина (ЗЈЖ бр. 2689/1-88 од 1 јануари 1989 г.) со сите измени и дополнувања.

# ТАРИФА ДЕЛ 1

## УСЛОВИ ЗА ПРЕВОЗ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИНАТА

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПРЕВОЗ

Член 1

**Видови превоз. Видови сообраќај. Поим за пратка. Начин на превоз**

1. Во зависност од употребата на превозно средство, постојат следните видови превози:
   - железнички превоз и
   - мешовит (комбиниран) превоз.
2. Превозот на стока во железничкиот и мешовитиот (комбиниран) превоз се врши во:
   - внатрешниот сообраќај и
   - меѓународниот сообраќај (извоз, увоз и транзит).

   Под меѓународен сообраќај се подразбира превоз на стока од Република Македонија за други држави, од други држави за Република Македонија и од други држави во превоз преку Република Македонија за други држави, без оглед на тоа дали превозот се врши исклучително со железнички или делумно со железнички, а делумно со превозни средства од друга гранка на сообраќајот.
3. Под пратка се смета една или повеќе видови стока, кои се предаваат на превоз со еден товарен лист.

   Под поимот вагонска пратка се подразбира:
   - пратка за чиј превоз испраќачот бара исклучителна употреба на вагони или
   - пратка која врз основа на законот, односно други прописи и прописи на оваа Тарифа мора да се превезуваат во посебни вагони.
4. Постојат следните начини на превоз:
   - редовен превоз и
   - договорен превоз.

   Под договорен превоз се подразбира посебно договорен превоз. Меѓусебните обврски, условите и цената на превозот се утврдуваат со посебен договор помеѓу корисникот на превозот и превозникот.

Член 2

**Ограничување на превозот**

1. Превозникот може потполно или делумно да го запре приемот или превозот на пратките од и за одделни станици и релации од причина која му го оневозможува извршувањето на превозот или издавањето.
2. Секое прекинување на превозот, превозникот мора да го објави во сите станици на видно место, а прекинувањата од пошироко значење и преку средствата за јавно информирање.

Член 3

**Работно време**

1. Прием и издавање на стока во железничките станици се врши во работно време објавено во станицата.
2. Со договор помеѓу превозникот и корисникот на превоз, може да се договори и друго работно време.

Член 4

**Обрасци. Товарен лист**

1. Превозникот пропишува и издава обрасци кои се однесуваат на склучување, извршување или измена на Договорот за превоз на стока.
2. Мостри од обрасците од точка 1. на овој член се наоѓаат во Прилог на оваа Тарифа.
3. Список и цени на обрасците за продажба се објавуваат во Тарифата Дел 6.

*Товарен лист*

4. Испраќачот е должен на превозникот да му предаде за секоја пратка товарен лист на образец пропишан со Конвенција за меѓународен превоз на стоки и патници (КОТИФ), односно со прописот ЦИМ кој се однесува на меѓународен превоз на стока по железница.
5. Товарниот лист содржи:
   1) место и датум на составување;
   2) назив на упатната станица;
   3) име и презиме или назив на примачот и негова адреса;
   4) назначување на видот, количината и тежината на стоката;
   5) број на вагон, а за вагоните на корисниците на превозот и дарата (кај пратките кои ги товари испраќачот);
   6) име и презиме или назив на испраќачот, негова адреса, потпис и печат;
   7) жиг на отправната станица;
   8) превозни и други трошоци и
   9) список на исправи кои се приложуваат со товарниот лист.
6. Товарниот лист може да содржи рок на испорака и други податоци во врска со превозот.
7. За секоја пратка се предава товарен лист, освен за стока за чие товарење, според нејзините димензии, се потребни повеќе вагони или ако се договори поинаку.
8. Испраќачот е одговорен за точноста на податоците и изјавите кои тој ги внесува во товарниот лист, како и за точноста на податоците и изјавите кои ги внесува превозникот по негово барање.

   Образецот на ЦИМ товарниот лист (за товарени вагони)-ЦУВ товарен лист (за празни вагони) и прирачникот за пополнување на овие товарни листови кои ќе се применуваат и во внатрешниот сообраќај се посебно печатени.

Член 5

**Пакување на стоката**

1. Ако природата на стоката бара пакување и обележување, испраќачот е должен да ја спакува на таков начин што за време на превозот да се сочува од потполно или делумно губење и оштетување, како и да се спречи нанесување штета на лица, возни средства или на други предмети.
2. Испраќачот одговара за штетата причинета на превозникот или на други лица поради тоа што предметот воопшто не е спакуван или обележан, или е недоволно спакуван или обележан.
3. Ако во товарниот лист не е наведено дека предметот не е воопшто спакуван или обележан, или дека не е доволно спакуван или обележан, превозникот е должен да го докаже постоењето на тие недостатоци.
4. Кај вагонските пратки на јаглен, кокс, огревно дрво, прагови, старо железо и непалетизирани пратки на цигли и ќерамиди товарени во отворени вагони, испраќачот треба да ја попрска со варно млеко површината на товарот.
5. Стоките и материите кои се во смисла на член 28 од Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај се превезуваат под посебни услови, а не се примаат на превоз кога нивното пакување не одговара на пропишаните услови, иако испраќачот е подготвен да преземе одговорност со пишување изјава за недоволно пакување во товарниот лист.

Член 6

**Порачување и доставување на вагони и товарен прибор**

1. Вагоните за товарење на стока испраќачот ги порачува во отправната станица, означувајќи ги во порачката: датумот на саканото товарење, видот на стоката, нејзината приближна маса, упатната станица и видот на вагонот (отворен или затворен, со наведување на бројот на оските, а за специјалните вагони и определените карактеристики). За предмети подолги од 7 метри, во порачката треба да се наведе и нивната должина. Ако при порачката на вагони се порачува и товарен прибор, потребно е и тоа да се наведе во порачката.
   Ако превозникот, по посебно барање на испраќачот наведено во порачката на вагони, гарантира дека ќе достави вагони за товарење за одреден ден и час, одреден ден или одреден период, се наплатува надоместок за гарантирано доставување на вагони, односно му исплатува надоместок на корисникот на превозот во случај на неизвршување на преземената обврска. Износот на надоместокот се утврдува со посебен договор помеѓу корисникот на превоз и превозникот.
2. При порачување на вагони за пратки кои во железничките вагони се превезуваат директно во странство, во порачката треба да ја наведе излезната гранична станица, како и упатната станица и земја.
3. За приемот на нарачката, превозникот му издава на нарачателот писмена потврда.
4. За порачаниот вагон, станицата може да бара и гаранција (капар) кога вагоните ги порачуваат физички лица, но најмногу до износот на вагонска денгуба за 24 часа.
5. Станицата е должна да го извести испраќачот најдоцна 2 часа-кај поединечните пратки, односно 6 часа-кај пратките составени од повеќе вагони, за времето кога порачаните вагони ќе бидат поставени на местото за товарење, односно местото на примопредавање.
6. Испраќачите кои постојано товарат поголем број вагони, можат да склучат спогодба со отправната станица за начинот на нарачување и доставување на вагони, како и начинот на меѓусебното известување.
7. Примопредавањето на вагони и товарен прибор пред товарењето и по завршеното товарење помеѓу отправната станица и испраќачот се врши писмено. Во таа прилика задолжително се утврдуваат состојбата, денот и часот на примопредавањето на вагоните и товарниот прибор.
8. По барање на испраќачот, превозникот ќе достави свои покривачи и друг товарен прибор само ако ги има на располагање. Средствата за прицврстување на покривачите ги набавува испраќачот.
   За употреба на железнички товарен прибор се наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 7

**Товарење и истоварување на стока**

1. Испраќачот пред товарењето на стоката ќе утврди дали се доставени соодветни вагони според вагонската порачка. Ако доставените вагони не се во склад со барањето, испраќачот може да го одбие приемот на вагоните.
   Со прифаќањето на понудените вагоните за товарење, испраќачот ги прифаќа и прописите на оваа Тарифа.
2. Донесувањето на стоката на станица поради товарење во вагони може да започне тогаш кога порачаните вагони се поставени на местото за товарење.
3. За товарењето на стоката кое го врши испраќачот, мора сам да обезбеди средства за обезбедување и прицврстување на товарот и да го обезбеди од придвижување при превозот при што мора да се придржува на прописите на оваа Тарифа.
   Испраќачот одговара за штетата која ќе му ја направи на превозникот со неправилно товарење на стоката.
4. Ако стоката, која според прописите на оваа Тарифа или по спогодба со превозникот е должен да ја натовари испраќачот, попатно мора да се претовари или товарот мора да се поправи поради непрописно товарење, поместување на товарот, дефект на вагоните итн., трошоците и штетата кои ќе настанат поради тоа, како и вагонската денгуба поради задржување на вагоните најдолго за 48 часа ја оптоваруваат пратката ако е виновен испраќачот за тие трошоци.
   Ако во вагонот е товарен предмет за чиј претовар е потребно особено внимание или стручност, превозникот може да го повика испраќачот сам да го изврши претоварот или може од него да го побара потребното упатство.

5. Ако испраќачот сам ја товарел пратката во затворен вагон, превозникот е должен по завршеното товарење во присуство на испраќачот да стави на сите отвори на вагонот пломби и затворачи. Бројот на поставените пломби и нивните ознаки превозникот задолжително ги запишува во товарниот лист во соодветната рубрика. Во оваа прилика, испраќачот може да постави и свои пломби, односно затворачи, а нивниот број го впишува во товарниот лист во соодветната рубрика.
   Друмските моторни возила и сандаци со резервни делови товарени во отворени вагони испраќачот е должен да ги заклучи и пломбира со сопствени пломби, и тоа на начин кој оневозможува отворање на вратите или капаците на моторот, багажникот или сандакот без оштетување на пломбите.
   Количината на ставените пломби испраќачот ја впишува во товарниот лист во соодветната рубрика.
   Оштетените друмски возила кои не можат на сигурен начин да се заклучат и пломбираат (врати, прозорци, багажен простор и простор за мотор) мораат да бидат покриени со покривач на корисникот на превозот или превозникот. Покривачот мора да се пломбира со железничка пломба.
   Превозникот е должен, пред ставањето на пломбите, да ги отстрани од сите врати и отвори сите дотогашни пломби.
   Кај вагонските пратки превозникот не ги проверува: состојбата, квалитетот на пакувањето и заштитата на стоката од поместување.
6. Стоките кои се примаат на превоз условно (чл. 28. од Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај) се товарат според прописите на Правилникот за превоз на опасни материи со железница во внатрешниот и меѓународниот сообраќај (РИД).
7. Вагоните можат да се товарат најмногу до границата на товарење на вагоните. Граница на товарење на вагон претставува маса која не смее да се пречекори во врска со техничката конструкција на вагонот и најнеповолното оптоварување по оска и должен метар на превозниот пат на пратката.
   Прегледот на дозволените оптоварувања по оска на одделни пруги се наоѓа во Далечинарот за превоз на стока по пругите во Република Македонија (Тарифа, Дел 4).
   Превозникот е должен во товарниот лист да го впише податокот за границата на товарење во тони и делови од тонот и пред почетокот на товарењето да го извести испраќачот за тоа. Пресметаната граница на товарење во килограми се заокружува секогаш на десетина од тонот пониско (на пр. 14.290 кг се заокружува на 14,2 т).
8. Ако поради пречекорување на границата на товарење на вагонот кај пратката е истоварен претегот, по барање на превозникот, испраќачот е должен да даде упатство за постапка со истовариениот претег, и тоа преку отправната станица или непосредно на онаа попатна станица во која е истоварен претегот. Ако бара да се издаде истоварениот претег во таа станица, односно отправи понатаму или превезе назад како посебна пратка, испраќачот со упатство ќе приложи и прописно пополнет товарен лист (според чл. 61 од оваа Тарифа).
   Кога испраќачот бара истоварениот претег да се донатовари на некоја друга пратка, ќе се постапи во смисла на чл. 61 од оваа Тарифа.
9. За лежење на претегот во отправната станица над еден ден, а во некоја попатна станица над 2 дена, се наплатува лежарина пропишана со Тарифата, Дел 6. Роковите почнуваат да течат од 00,01 часот следниот ден од денот кога од испраќачот е побарано упатство за постапување со претегот.
10. Ако вагонот од кој е истоварен претегот мора повторно да се вага поради утврдување на масата на пратката, ќе се наплати надоместок и за ова повторно вагање.
11. За поставување или извлекување на пратка товарена на вагон на или од посебен индустриски колосек, на превозникот му се наплатува посебен надоместок пропишан во оваа Тарифа, Дел 6.
   За пратка на празни вагони на корисникот на превозот или вагони во закуп, превозникот не наплатува надоместок за доставување или извлекување на празни вагони на или од индустриски колосек.
   Ако вагоните на превозникот, корисникот на превозот или вагоните во закуп се поставени поради товарење, а не се натоварат на индустрискиот колосек, превозникот наплатува надоместок за извлекување на празните вагони.

Член 8

**Рок на товарење**

1. Рокот на товарење на стоката која ја товари испраќачот изнесува 6 часа.
   За стоки во маршрутни возови на испраќачот и стоки на чија состојба влијаат временските услови поради што се отежнува нивното товарење, рокот на товарење изнесува 10 часа.
   Испраќачот и превозникот можат да договорат и други рокови на товарење со Договорот за превоз.
2. Рокот на товарење тече од часот кога испраќачот е известен дека вагоните се поставени на местото за товарење, односно од почетокот на работното време на станицата ако вагоните се поставени и испраќачот е известен пред почетокот на работното време на станицата.
   Ако вагонот е нарачан за одреден час, рокот за товарење тече од часот за кој се нарачани.
   Ако рокот на товарење на стоките не е истечен до крајот на работното време на станицата, продолжува со почетокот на следниот работен ден на отправната станица.
   Доколку рокот на товарење истече во работното време на станицата, вагонската денгуба се смета од часот на истекот на рокот до часот кога натоварениот вагон се предаде на превоз, па и за времето кога станицата не работи.
   Ако вагонот не може да се постави за товарење затоа што корисникот на превозот порано поставениот вагон за товарење, односно истовар не го товарел, односно истоварил, рокот на товарење тече од часот кога вагонот бил подготвен за поставување.
   Пречките од претходниот став превозникот ги утврдува и впишува во одредена рубрика на книга за примопредавање на вагони, која испраќачот мора да ја потпише.
   Доколку вагонот го поставува корисникот на превоз со сопствена влеча, со посебна спогодба може да се утврди потребното време за поставување на вагоно од местото на примопредавање на местото на товарење.
3. Рокот на товарење се продолжува за толку време за колку превозникот од сообраќајни или други причини го попречува товарењето.
4. За пречекорување на пропишаниот рок на товарење се наплатува вагонска денгуба, пропишана во Тарифата, Дел 6.

Член 9

**Утврдување на масата и бројот на парчиња од пратката**

1. При прием на превоз на вагонски пратки, превозникот ќе ги утврди масата и бројот на парчињата од пратката кога испраќачот своето барање за утврдување на масата и бројот на парчиња на пратката го впишал во товарниот лист (рубрика-Изјавив), освен ако справите за вагање кои им стојат на располагање не се доволни, ако природата на стоките или сообраќајните прилики го оневозможуваат вагањето или ако Тарифата пропишува пресметување на превознината по парче единечна маса и сл. Превозникот масата ќе ја утврди и без барање ако не е означена во товарниот лист. Ако масата не може да се утврди во отправната станица, вагањето ќе се изврши во првата попатна станица на превозниот пат, која располага со соодветна вага.
   Превозникот може, врз основа на посебна спогодба со корисникот на превозот, да ја утврди масата на вагонската пратка на вага на корисникот на превозот.
   Утврдената маса превозникот ја впишува во товарниот лист и ја заверува со жиг на вагање.
   За утврдување на масата и бројот на парчиња, превозникот наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.
2. Превозникот по барање на испраќачот ќе ја утврди и масата на празните вагони секогаш кога сообраќајните прилики и справи за вагање тоа го допуштаат.
3. Утврдената маса и бројот на парчиња во отправната станица превозникот ги впишува во сите примероци од товарниот лист.
   Ако масата се утврдува во попатна или упатна станица, превозникот кога ќе добие известување за вагањето ќе го повика испраќачот да го поднесе дупликатот од товарниот лист поради впишување на утврдената маса.
4. Превозникот ќе го одбие барањето од испраќачот за утврдување на бројот на парчињата кај вагонските пратки кај кои, со оглед на природата на пратките, начинот на пакување и товарење на вагонот, броење не може да се изврши непосредно по извршеното товарење.

Член 10

**Предавање и прием на стоките на превоз**

1. Испраќачот ги предава стоките на превоз во работното време на отправната станица, на места кои се одредени за тоа.
2. Ако пратката со леснорасиплива стока и живи животни, во редовниот превоз испраќачот не ги предаде на превоз во време кое превозникот го одредил за прием поради отправување со одреден воз, превозникот ќе ја прими на превоз во следниот воз одреден за превоз на вакви пратки. Рокот на товарење поради ова не се продолжува. Во ваков случај се пресметува вагонска денгуба од часот на истекот на рокот за товарење до часот на можното отправување на пратката со возот одреден за превоз на вакви пратки.
3. Предавањето на стоките на превоз, кои ги товари превозникот, испраќачот е должен да го заврши истиот ден во работно време на станицата. Ако во овој рок сите стоки наведени во товарниот лист не се предадени, ако товарниот лист и неговите прилози не се предадени или не се правилно пополнети, или ако испраќачот не ги платил франкираните износи, превозникот наплатува лежарина за донесениот предмет која е пропишана со Тарифата, Дел 6.

Член 11

**Превозен пат**

1. Превозникот го врши превозот на пратките по редовниот превозен пат.
2. Испраќачот може да го одреди превозниот пат:
   1) кај пратки на живи животни;
   2) ако по завршеното транспортно ограничување на редовниот превозен пат пратката мора да ја превезе по друг (помошен), а не по редовниот превозен пат;
   3) ако на пропишаниот превозен пат е дозволена поголема граница на товарење на вагонот од границата на товарење на редовниот превозен пат;
   4) ако на пропишаниот превозен пат нема соодветна вагонска вага, а испраќачот бара утврдување на масата;
   5) ако станицата на царинење не се наоѓа на редовниот превозен пат на пратката;
   6) ако се постигне посебна спогодба.
3. Во случаите наведени во точка 2, превознината се пресметува според тарифното растојание за превозниот пат кој го одредил и во соодветна рубрика од товарниот лист го впишал испраќачот.

Член 12

**Склучување договор за превоз**

1. Договор за превоз е заклучен кога превозникот ги прими стоките на превоз со товарниот лист и го потврди приемот на стоките со потпис и со ставање на датумски жиг на отпремната станица на превозникот во соодветни рубрики во товарниот лист.
2. Дополнителниот лист кој е составен дел на товарниот лист се жигосува на ист начин како и товарниот лист.
3. За предадени пратки на живи животни и лесно расипливи предмети при потврдување на приемот, покрај датумот, се става и час на приемот на пратката.
4. Дупликат на товарниот лист не се издава по вторпат. По барање на испраќачот, отправната станица ќе издаде потврда за прием на пратката на превоз, а за извршената услуга ќе наплати надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 13

**Рокови на испорака**

1. Превозникот е должен да ја превезе стоката во договорениот рок (рок на испорака).
2. Ако рокот на испорака не е договорен, превозникот превозот ќе го изврши во рокот на испорака кој се состои од:
   а. рок на отопрема ............................................................ 1 (еден) ден
   б. превозен рок за секои започнати 250 км ...................... 1 (еден) ден
   ц. дополнителен рок:
      - за претоварување на стоки поради промена на превозно средство .........................................................2 (два) дена
3. Ако не е договорено поинаку, рокот на испорака почнува да тече од полноќ по приемот на стоката за превоз, а за леснорасипливата стока и за живите животни предадени претпладне, од 12 часот истиот ден.
4. Рокот на испорака не тече за време на задржување на пратката, кое настанало поради:
   1) проверување на содржината и тежината на пратката ако со ова проверување е утврдена неточност на податоците во товарниот лист;
   2) дејства на царинските или други органи;
   3) измени на договорот за превоз извршени по барање на испраќачот;
   4) посебните дејства во врска со пратката (хранење и поење на живите животни, додавање мраз и сл.) и
   5) други причини кои го спречуваат почетокот или продолжувањето на превозот ако нема вина на превозникот за тоа.
5. Превозникот може да бара продолжување на рокот на испорака поради причи-ните наведени во точка (4) од овој член само ако причината и траењето на задржувањето на пратката ги впишал во товарниот лист.
6. Рокот на испорака е запазен ако пред неговото истекување примачот е известен за пристигнувањето на пратката и ако стоката се подготви за издавање, а за пратката за која не е потребно известување - ако пред истекот на рокот за испорака, стоката е подготвена за издавање.

Член 14

**Проверување и утврдување на масата и содржината на пратката**

1. При приемот на стоката на превоз, превозникот има право да провери дали пратката одговара на податоците во товарниот лист и дали се исполнети посебните услови за превоз на таа стока.
2. Масата и содржината на пратката превозникот може да ги провери во попатна станица само ако тоа го бараат сообраќајните, царинските или други прописи.
3. Превозникот е должен, по барање на испраќачот кој е впишан во товарниот лист, да ги утврди масата и бројот на парчињата ако инструментите за вагање кои стојат на располагање се доволни, а природата на стоката и сообраќајните околности го овозможуваат тоа.
4. Ако масата не може да се утврди во отправната станица, тоа се прави во првата погодна попатна станица.
5. Превозникот е должен утврдената маса и бројот на парчињата на пратката да ги впише во товарниот лист и да го завери со потпис и печат.
6. Во поглед на стоката која ја натоварил испраќачот, податоците во товарниот лист, кои се однесуваат на масата и бројот на парчињата, служат како доказ кон превозникот само во случај кога превозникот ги утврдил масата и бројот на парчињата и тоа го потврдил во товарниот лист. Тие податоци во товарниот лист можат, по потреба, да се докажуваат и на друг начин.
7. Ако се утврди дека стварниот кусок на масата или бројот на парчињата не одговара на податоците во товарниот лист, или ако превозникот не ги заверил тие податоци, тие не можат да служат како доказ против превозникот, а особено ако вагоните му се предадени на примачот со исправни оригинални пломби.

8. Ако при предавањето на пратката на примачот со проверката се утврди помала количина на пратката и на масата од став 1 на овој член, превозникот не може да биде ослободен од плаќање на надоместок за настанатата штета.
9. За утврдената маса и бројот на парчињата, корисникот на превозот ја плаќа договорената превознина.
10. За неточно именување на стоката, кое влијае на висината на превознината, како и за разлика во маса над 2%, превозникот има право, покрај наплатената превознина, да наплати уште и двоен износ на разликата од превознината.
11. Ако поради неисправни, неточни или непотполно впишани податоци или изјави во товарниот лист се превезува пратка со стока која е исклучена од превоз или пратка со стока која се превезува под посебни услови, а тие услови не се исполнети или се кршат прописите за безбедност на сообраќајот, или вагоните се преоптоварени (претег), превозникот е должен целата пратка, односно вишокот да го истовари на првата станица, каде што е можно, на трошок и на ризик на испраќачот и да го извести за тоа.
12. Во случајот од точка 11 од овој член, превозникот има право да бара трикратен износ на превознината, како и надоместок на штета која настанала поради тоа.
13. Кога е во прашање стока која поради својата природ, редовно губи во масата при превозот, превозникот одговара само за оној дел, кој без разлика на должината на поминатиот пат, ги преминува следните граници на губење:

   1) 2% од масата - за течност или стока предадена на превоз во влажна состојба, како и за следната:
   -свинска четина;
   -дрво за боење, стругано или мелено;
   -дрво слатко (госпино растение);
   -тутун во лист, свеж;
   -тутун сечен;
   -хмељ;
   -коњски влакна;
   -корења;
   -кора;
   -коски цели и мелени;
   -кожа преработена;
   -кожа сурова;
   -крзна;
   -лепак свеж;
   -масти;
   -отпадоци од кожа;
   -печурки свежи;
   -зеленчук свеж;
   -риби сушени;
   -рогови и папци;
   -сапун и цврсти масла;
   -сол;
   -тресет;
   -јаглен и кокс;
   -овошје, свежо или сушено;
   -волна;
   -животински жили;

   2) 1% од масата-за друга стока

14. Превозникот не може да се повика на ограничување на одговорноста од точка 13 од овој член ако носителот на правото докаже дека губењето не настанало поради причина која повлекува природно губење во тежината на стоката, како и во случај на целосно губење на стоката.

Член 15

**Додаток на превознина**

1. За неточно именување на стоките и масата, превозникот покрај редовната превознина ги наплатува и следните додатоци:
   а) двоен износ на разликата во превознината од отправната до упатната станица помеѓу превознината пресметана врз основ на неточно именување на стоките, кои влијаат на висината на превознината, како и за разликата во масата над 2% и превознината која би се пресметувала кога односното именување би било исправно, потполно и точно;
   б) двоен износ на превознината за извршениот превоз од отправната станица до станицата во која е утврдена неправилноста, како и надоместок на штета која настанала поради тоа ако поради неисправно, неточно или непотполно впишани податоци или изјава во товарниот лист се превезува пратка со стоки кои се исклучени од превоз или со стоки кои се превезуваат под посебни услови, а тие услови не се исполнети или се кршат прописите за безбедност на сообраќајот, или се пречекори границата на товарење (претег).
   Ако превозот не започнал, се пресметува само надоместок за настанатите трошоци (вагање, вагонска денгуба и др.) и евентуално настаната штета.

2. Ако кај пратките истовремено настапил случај наведен во точка 1 под а) и б), додаток на превознина се пресметува само според прописите од точка 1 под б).
3. Додаток на превознина се пресметува според превозниот став за утврдена маса на пратката и ја оптоварува пратката.
4. Износот на додатокот на превознината, надоместок на штета која настанала, како и основот за негова наплата, превозникот ќе ги наведе во товарниот лист.
5. Во оправдани случаи, превозникот може да се откаже од наплата, односно да ги врати наплатените додатоци на превознината.

Член 16

**Привремено сместување на стоката**

1. Стока која не може да се превезе без одлагање, превозникот по барање на испраќачот ја прима на привремено сместување ако за тоа има можности.
   Превозникот не прима на привремено сместување леснорасипливи стоки, живи животни, стоки со голема вредност и стоки пропишани со РИД.
2. За стоките примени на привремено сместување, превозникот издава потврда со забелешка дека ќе ја прими на превоз кога ќе биде во можност да ја превезе. Испраќачот на сето тоа дава согласност во товарниот лист во соодветна рубрика, кој му го предава на превозникот.
3. За привремено сместување на стоки се наплатува лежарина согласно со Тарифата, Дел 6.
4. Превозникот по барање на испраќачот ќе даде под закуп земјиште или магацин ако располага со нив. Закупнината за вакво сместување на стоките ја одредува превозникот.
5. За стока примена на привремено сместување во смисла на точка 1, превозникот одговара како чувар до приемот на превоз, додека за стока сместена според прописите од точка 4, превозникот не одговара.

Член 17

**Царински и други работи**

1. Испраќачот или примачот, односно неговиот полномошник должен е за пратките кои се царинат во железнички вагони, контејнери и железничко-царински складишта да ги поднесе сите документи потребни за извршување на царинските работи, и тоа во рок од 2 часа ако се царинат пратки во извоз, односно во рок на 3 часа ако се царинат пратки во увоз. Овој рок се смета:
   1) од часот на известување за пристигање ако се увозни, односно пратки во извоз ако се царинат во попатна станица;
   2) од часот кога се смета дека примачот е известен за пристигање на пратката ако пратките во увоз се царинат во упатна станица;
   3) од часот на завршеното товарење ако пратката во извоз се царини во отправната станица.
2. Ако заради непотполни, неисправни или неточни исправи потребни за извр-шување на царинските и други работи пратката се задржи во превоз подолго од одредениот рок, превозникот ќе наплати лежарина или вагонска денгуба.
3. Барањето за присуствување при вршењето на царинските работи, испраќачот може да го впише во товарниот лист во соодветна рубрика.
   Во барањето од претходниот став, испраќачот може да го одреди и начинот на кој сака да биде известен за пристигнувањето на предметите во станицата каде што треба да се извршат царинските и други работи. Ако испраќачот не одредил начин на известување, превозникот ќе го извести на начин кој ќе го избере самиот.
4. Превозникот веднаш по предавањето на увозните царински предмети на царинарницата ќе го извести примачот, односно неговиот полномошник за пристигнувањето и предавањето на предметите на царинарницата.
5. За извршување на царинските работи, како и за промена на станицата на царинење, превозникот наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 18

**Плаќање на превозни трошоци**

1. Испраќачот кој ги презема врз себе превозните трошоци или еден дел од превозните трошоци (превознина, дополнителна превознина, додаток на превознина, надоместоци за споредни услуги и други трошоци настанати во текот на извршување на превозот) должен е тоа да го означи во товарниот лист во соодветна рубрика.
2. Испраќачот однапред ги плаќа превозните трошоци за долунаведените стоки:
    1) леснорасипливи стоки;
    2) стоки со незначителна вредност и
    3) живи животни.

   За стоките од оваа точка превозникот може исклучително, врз основа на посебна спогодба, да му одобри на испраќачот превозните трошоци да ги плати примачот.
3. Ако износот на превозните трошоци кои ги презема да ги плати испраќачот, не може точно да се утврди при предавање на стоките на превоз, превозникот може да бара од испраќачот да даде како гаранција износ кој приб-лижно одговара на овие трошоци. За дадениот износ како гаранција, превоз-никот издава признаница.

   Превозните трошоци од претходниот став на оваа точка превозникот ќе ги пресметува во рок од 30 дена по истекот на рокот на испорака и ќе му издаде франкатурна сметка на испраќачот, а испраќачот треба да ја врати признаницата.
4. Надоместоците за споредни услуги како што се: вагонска денгуба, лежарина, проверување на масата, известување за пристигнување, одвоз на пратки во упатна станица, истоварување на вагон на отворена пруга или превезување во кругот на иста упатна станица предизвикани со некое дело кое му се припишува на примачот или со некои негови барања, мора секогаш да ги плати примачот.

Член 19

**Аванс. Претприемно плаќање**

1. Најмалиот износ на аванс со кој пратката може да се оптовари пропишан е во Тарифата, Дел 6. Пратките на празни вагони на корисникот на превоз и вагони во закуп, како и празни контејнери не можат да се оптоварат со аванс.
2. Испраќачот кој сака да ја оптовари пратката со аванс ќе го впише како свое барање во соодветна рубрика во товарниот лист износот само со бројки и ќе го приложи во товарниот лист во посебен плик, пополнета уплатница на износот на авансот.

   Покрај тоа, испраќачот ќе ја впише својата адреса и бројот на тековната сметка доколку ја поседува.
3. Дупликатот на товарниот лист на кој е впишан износот на авансот и заверен со потпис на благајникот и со станичен жиг со датум му служи на испраќачот како доказ дека пратката е оптоварена со аванс.
4. Плаќањето на авансот, примачот може да го врши со готови пари.
5. Наплатениот износ на авансот во готови пари упатната станица му го испраќа на испраќачот по пошта во рок од 3 дена.
6. Превозникот по барање на испраќачот, врз основа на стоките кои ги примил на превоз, треба да му исплати претприемно плаќање. Најголемиот износ на претприемното плаќање од пратка е пропишан во Тарифата, Дел 6.

   За пратките од член 18, точка 2 на оваа Тарифа, за празни вагони на корисникот на превоз и вагони во закуп, како и за пратки кај кои се врши повторно предавање на превоз (реекспедиција) не се исплатува претприемно плаќање.

   Износот на претприемното плаќање испраќачот мора да го впише во соодветна рубрика на товарниот лист само со бројки.
7. За износот на авансот и претприемното плаќање означен во товарниот лист, превозникот наплатува провизија пропишана во Тарифата, Дел 6.

   Со договор може да биде предвидено правото на испраќачот издавањето на пратката на примачот да го услови со исплата на одреден паричен износ претприемно плаќање.

Член 20

**Измена на договорот за превоз**

1. Ако не е издаден товарен лист што се пренесува, испраќачот има право, покрај обврската за надоместок на трошоците, да го измени договорот за превоз и од превозникот да бара да:
   1) му се врати стоката во отправната станица;
   2) се запре попатно превозот на стоката;
   3) се одложи издавањето на стоката;
   4) се издаде стоката на некој друг примач;
   5) се издаде стоката во некоја друга упатна станица;
   6) се врати стоката во отправната станица;
   7) се наплатат од него паричните износи наместо од примачот, а за кои во товарниот лист е означено дека ќе ги плати примачот;
   8) се оптовари стоката дополнително со претприемно плаќање или износот на претприемното плаќање да се зголеми или намали, или да се откаже од дополнителната исплата.
2. Барањето за измена на договорот за превоз, како и потврдата за прием на барањето мораат да бидат во писмена форма.
3. Примачот има право да го измени договорот за превоз ако испраќачот во товарниот лист означи дека примачот има право да располага со пратката или ако испраќачот му го предаде дупликатот од товарниот лист. Во тој случај, примачот може да бара:
   1) стоката попатно да се запре;
   2) издавањето на стоката да се одложи;
   3) стоката да му се издаде на некој друг примач;
   4) стоката да се издаде во некоја друга попатна станица;
   5) стоката да се врати во отправната станица.
4. Ако е издаден товарен лист што се пренесува, со стоката предадена на превоз може да располага само овластен имател на товарен лист што се пренесува, и тоа под услов да ги исполни сите обврски кои произлегуваат од товарениот лист што се пренесува.
5. Имателот на товарниот лист што се пренесува, под услови од точка 4 на овој член, има право да го измени договорот за превоз и да бара:
   1) превозот да запре;
   2) стоката да се издаде во некоја друга упатна станица или
   3) стоката да се врати во отправната станица.
6. Барањето за измена на договорот за превоз, како и потврдата за прием на барањето мораат бидат составени во писмена форма.
7. Превозникот може да одбие да изврши измена на договорот за превоз ако:
   1) измената на договорот не е можна во моментот кога барањето пристигнало во станицата која треба да ја изврши измената;
   2) со измената на договорот за превоз би дошло до нарушување во сообраќајот;
   3) измената на договорот е спротивна на царинските или други прописи;
   4) во случај на измена на договорот во упатната станица вредноста на стоката не би ги покрила трошоците за превоз до новата упатна станица, освен ако износот за тие трошоци се плати веднаш или се преземе гаранција.
8. Ако со измената на договорот за превоз се бара пратката да запре во некоја попатна станица или да се задржи во упатната станица, превозникот за секое запирање, односно задржување ќе си наплати вагонска денгуба, односно лежарина.
   Во случај на запирање на пратката и нејзиното задржување подолго од 24 часа, превозникот може предметите да ги истовари и да ги стави на лежење или му ги предаде на шпедитерот или на јавно складиште, на трошок и одговорност на испраќачот, односно на примачот.
9. Ако со измена на договорот за превоз пратката му се враќа на испраќачот во отправната станица, покрај настанатите надоместоци за споредни услуги (потврда за прием, вагарина итн.), за вагонските пратки уште се пресметува и вагонска денгуба, и тоа од часот на доставување на вагонот за товарење,, па до враќање на празните вагони, а најмалку надоместок за откажување на вагон по доставувањето.
10. Ако со измена на договорот за превоз се менува упатната станица, превознината секогаш се пресметува одвоено (кршено), и тоа: до станицата сменета со измената на договорот на превоз и од станицата сменета со измената на договорот на превоз до новата упатна станица.

11. За извршување на измената на договорот за превоз, превозникот наплатува покрај настанатите трошоци и надоместок за измена на договорот за превоз пропишан во Тарифата, Дел 6.
12. Трошоците во врска со измената на договорот за превоз и пропишаниот надоместок испраќачот, односно примачот е должен да ги плати при поднесување на барањето за измена на договорот за превоз. Ако во таа прилика не може да се утврди износот на сите трошоци кои би можеле да настанат во врска со измената на договорот за превоз, превозникот ќе бара од испраќачот да заложи соодветен депозит.

Член 21

**Пречки при превозот**

1. Ако при превозот на стоката настанат пречки кои можат да се отстранат со превоз преку помошен пат, стоката се превезува до упатна станица преку тој помошен пат без наплата на поголема превознина од утврдената во договорот.
2. Ако пречката при превозот не настанала по вина на превозникот, рокот на испорака се смета според стварно употребениот превозен пат.
3. Ако не е можен понатамошен превоз поради настанатите пречки или од други причини, испраќачот може да го раскине договорот за превоз, но е должен на превозникот да му плати превознина за извршениот превоз, како и трошоците предвидени со оваа Тарифа ако овие пречки, односно други причини не настанале по вина на превозникот.
4. Испраќачот може однапред да даде упатство во товарниот лист ако случајно се појави пречка при превозот.
5. Ако пречката при превозот престане пред да пристигне упатството од испраќачот, превозникот ја испраќа пратката во упатната станица не чекајќи го упатството од испраќачот, за што го известува.
6. Доколку пратката се превезува со придружник, превозникот ќе го извести него за пречките при превозот поради кои пратката не може понатаму да се превезе.
   Ако придружникот на пратката е овластен да дава измени на договорот за превоз, превозникот ќе го извести само придружникот за пречките при превозот поради кои не е можен понатамошен превоз. Исто така, превозникот ќе го извести само придружникот за неможноста на извршување на неговите упатства.
7. За измените на договорот за превоз кои се даваат врз основ на извештајот за пречки при превозот, превозникот не наплатува надоместок за измена на договорот на превоз.

Член 22

**Проверување на бројот на парчињата, масата и содржината на пратката во упатната станица**

1. Испраќачот, односно примачот може да бара превозникот при издавање на предметите да ги провери масата и бројот на парчиња.
   Превозникот по барање на испраќачот, односно примачот ќе ја утврди масата на полните и празните вагони во упатната станица ако тоа е можно со оглед на сообраќајните прилики, природата на стоката и постоење на вага. Барањето за проверување на масата на празните и полни вагони, како и бројот на парчиња во упатната станица испраќачот ги впишува во товарниот лист во соодветна рубрика при предавање на пратката на превоз, а примачот писмено го доставува на упатната станица при издавање на предметите.
2. Со цел правилно да се применува Тарифата, примачот може да бара од превозникот проверување на содржината на пратката ако во товарниот лист во соодветна рубрика е погрешно наведена, па во врска со тоа Тарифата е применета погрешно.
   Ова проверување примачот може да го бара ако претходно го откупи товарниот лист и ако ниеден дел од пратката не е одвезен од станица.
3. Поради проверување на бројот на парчињата, масата и содржината, рокот на однесување не се продолжува.
   Сите трошоци за проверување на содржината на пратката ги поднесува примачот.

Член 23

**Претходно известување на примачот за пристигнување на вагонските пратки**

1. Превозникот е должен да го извести примачот за времето на пристигнување, најдоцна 6 часа пред пристигнување на комплетен маршрутен воз на испраќачот или група на вагони на истоварното место.
2. Кај поединечни вагонски пратки, превозникот е должен да го извести примачот најдоцна 2 часа пред предвиденото време на пристигнување на поединечните пратки.
3. За претходно известување на примачот за пристигнување на пратката, превозникот не наплатува надоместок.

Член 24

**Известување на примачот за пристигнување на пратката**

1. Превозникот го известува примачот за пристигнување на пратката штом ќе ја подготви за издавање. Денот на пристигнување мора да се означи на товарниот лист со станичен жиг со датум во соодветната рубрика.
   За пристигнување на пратката, примачот се известува со препорачано писмо, по телефон, по телефакс, по телекс со телеграма или писмено по пат на разнесувач.
   При известувањето на примачот се означува рокот во кој пратката мора да се однесе и превозните трошоци кои треба да ги плати.
2. Известувањето се смета за извршено:
   1) ако се врши по телефон, по телефакс или телекс-по завршениот разговор, односно по предавањето на телефаксот или телексот;
   2) ако се врши по телеграфски пат-12 часа по предавањето на теле-грамата во пошта;
   3) ако се врши со препорачано писмо-24 часа по предавањето на известувањето во пошта;
   4) ако се врши по пат на разнесувач-непосредно со предавање на известувањето.
3. Превозникот и корисникот на превозот можат со посебна спогодба да ги одредат начинот и времето на известување.
4. За известување на примачот за пристигнување на пратка, превозникот наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 25

**Издавање на стоката и земање мостра**

1. Стоката се издава во станицата од места кои се одредени за тоа.
2. Примачот може да го одбие приемот на стоката и по приемот на товарниот лист и по плаќањето на превозните трошоци сѐ додека не се постапи според неговото барање за утврдување на губиток или оштетување на стоката. Ако при издавање на стоката недостасува едно или повеќе парчиња наведени во товарниот лист, превозникот е должен по барање на примачот да состави записник за извидување.
3. Стока предадена на превоз со ознака **"останува во станица"** може да му се издаде на примачот тогаш кога ќе го докаже правото на располагање. Како доказ за правото на располагање служи, во прв ред, дупликатот на товарниот лист, кој превозникот го задржува кога ја издава стоката.
4. Примачот може да одреди известувањето за пристигнување на пратката, како и самата стока да се издаде на друго лице врз основ на неговото полномошно ако претходно предаде на упатната станица писмена изјава за тоа на пропишан образец.
5. Ако испраќачот бара, превозникот ќе му издаде потврда за тоа дали и кога пратката е издадена на примачот. За издавање на потврда за приемот или издавањето на стоката, превозникот наплатува пропишан надоместок од Тарифата, Дел 6, како и поштенските трошоци во врска со прибирање на податоците и доставување на потврдата на испраќачот.

6. Примопредавањето на вагонот и товарниот прибор, пред и по извршеното истоварување помеѓу упатната станица и примачот се врши написмено. Во таа прилика се утврдуваат денот и часот на примопредавањето, како и состојбата на вагонот и товарниот прибор.
   Пред истоварувањето, упатната станица и примачот ја утврдуваат состојбата со пломбите или другите затворачи (и ги споредуваат со впишаните податоци во соодветната рубрика од товарниот лист) и надворешниот изглед на товарот. Бројот на скинатите пломби и нивните ознаки, станицата ги впишува во соодветна рубрика од товарниот лист.
   По извршеното истоварување на предметите, примачот е должен на превозникот да му ги врати исчистените вагони.
   Ако примачот не го исчистил вагонот, а тоа го извршил превозникот, трошоците за чистење се наплатуваат од примачот.
   Ако со санитетски, ветеринарни, фитосанитетски или со други прописи е предвидено посебно чистење, задолжителна дезинфекција или миење на вагонот по истоварувањето со оглед на стоките кои во нив се превезувале, дезинфекцијата, миењето и посебното чистење ги врши превозникот со наплатување на надоместоци пропишани во Тарифата, Дел 6.

***Земање мостри од стоките***

7. Земањето на мостри од стоките пред откупување на товарниот лист му се дозволува на примачот ако испраќачот во соодветната рубрика од товарниот лист дал согласност за тоа, односно ако оваа согласност дополнително ја достави по писмен пат.
   Примачот и поднесува на упатната станица писмено барање за земање на мостра. Ова може да го направи по приемот на известувањето за пристигнување на пратката. Поради земање мостра, рокот на однесување на стоката не се продолжува.
8. Примачот го обезбедува потребниот материјал за земање мостри (вреќи, обвивки, шишенца, коноп, восок за печати итн.).
   При земањето на мостри кај обвитканите стоки, може да се отворат најмногу 10 парчиња од една пратка, а масата на земените мостри не треба да биде поголема од 3 кг по пратка.
9. Мостри од стоките можат да се земаат само во присуство на железнички работник, кој во соодветната рубрика од товарниот лист **"Означување на стоката"** мора да ја запише забелешката **"Земена мостра од стоката"** и количината на земената стока. Запишаната забелешка во соодветната рубрика од товарниот лист ја потврдува овластено лице со потпис и печат.
10. За земање мостра се наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 26

**Рокови за однесување на стоката**

1. Рокот за однесување на стоката кои ги истовара примачот изнесува 6 часа.
   Рокот за однесување на живи животни изнесува 2 часа.
   Меѓутоа, за пратките на маршрутните возови на испраќачот и пратките на стоките на чија состојба влијаат временските услови, поради што е отежнато нивното истоварување, рокот за однесување изнесува 10 часа.
   Примачот и превозникот можат да договорат и други рокови за однесување на стоката со Договорот за превоз.
2. Роковите за однесување на стоките кои ги истоварува примачот почнуваат да течат од часот кога се смета дека известувањето за пристигнување на стоката е извршено, односно кога вагонот е поставен на место за истовар, но најрано од почетокот на работното време на станицата ако вагонот е поставен на место за истовар и примачот известен пред почетокот на работното време на станицата.
   Ако пратката е упатена со ознаката **"останува во станица"** или ако примачот се откажал од известување, рокот за однесување на стоката почнува да тече од часот кога пратката е подготвена за издавање.
   Ако рокот за однесување на стоката не истекол до крајот на работното време на станицата, се продолжува со почетокот на следниот работен ден на упатната станица.
   Доколку рокот за однесување на стоката истече во работното време на станицата, вагонската денгуба се пресметува од часот на истекот на рокот до часот кога празниот вагон ќе и се врати на станицата, па и за време кога станицата не работи.

3. Превозникот и примачот можат да договорат и пократки рокови за однесување.
4. Во рок за однесување на предметите не се смета:
    1) времето потребно за работи кои ги вршат царински, ветеринарни и други надлежни органи на управата;
    2) времето на задоцнување на истоварувањето кое го предизвикал превозникот.
5. Ако вагонот не може да се постави за истоварување затоа што корисникот на превозот порано поставениот вагон за натоварување, односно истоварување не го натоварил или истоварил, рокот на истоварување тече од часот кога вагонот е подготвен за поставување.

    Превозникот овие пречки ги утврдува и впишува во одредена рубрика на книгата за примопредавање на вагоните, а примачот мора да ја потпише.

    Примачот е должен да плати вагонска денгуба и за сите вагони кои се задржани во попатна станица или чекаат во упатна станица по негова вина.

    Доколку поставувањето на вагон на место за истовар го врши корисникот на превоз со сопствена влеча, со посебна спогодба може да се утврди потребното време за поставување на вагон од местото на примопредаање на местото на истоварување.
6. За пречекорување на пропишаниот рок за однесување на предметите се наплатува вагонска денгуба, односно лежарина пропишана во Тарифата, Дел 6.
7. Во оправдани случаи, превозникот може да се откаже од наплатата на вагонска денгуба и лежарина.
8. Превозникот ќе му овозможи на примачот сместување на истоварените стоки на вагонски пратки на станично земјиште ако има можност за тоа, и тоа со пропишан надоместок. За вака сместените стоки на станично земјиште, превозникот не одговара.

    Ако рокот за однесување е пречекорен за повеќе од 24 часа, превозникот може на трошок и ризик на примачот да ги истовари стоките и да ги стави на привремено сместување или да ги предаде на шпедитер, на јавно складиште или на друг превозник поради доставување на примачот.

Член 27

**Повторно предавање на пратките на превоз (реекспедиција)**

1. Со согласност на превозникот, примачот може пристигнатата пратка повторно да ја предаде на превоз во упатна станица пред однесувањето (повторно предавање) под услов пратката цело време да била на чување кај превозникот и повторно да е предадена на превоз во состојба во каква што пристигнала во станицата на повторното предавање.

    Претходните трошоци на превозот на реекспедираната пратка мораат да бидат платени и не можат да ја оптоваруваат пратката како аванс.

    Реекспедиција на увозни пратки претоварени на странски пруги од еден во повеќе вагони е дозволена само за целата група вагони, за иста упатна станица и за ист примач.

    Пратката може повторно да се предаде на превоз ако во смисла на Законот за договорите на превоз во железничкиот сообраќај и други важечки прописи се исполнети сите услови за понатамошен превоз во нова упатна станица.

    Испраќачот е должен во соодветната рубрика од товарниот лист да ја впише забелешката **"повторно предавање, без промена на товарот, пристигнување бр. __"**.
2. Рокот за повторно предавање на превоз на пратка во внатрешниот сообраќај и за увозна царинска пратка која од станицата на повторното предавање на превоз се упатува на царинење во друга царинска станица, како и рокот за кој не се пресметува вагонска денгуба за пратки кај кои се врши само промена на царинската станица или од царинската станица се упатува на царинско сместување во друга станица под царински надзор, изнесува 3 часа. Рокот за повторно предавање на превоз на увозна царинска пратка која по царинењето ќе биде повторно предадена на превоз изнесува 3 часа. Во сите случаи, рокот за повторно предавање на превоз почнува да тече од часот на извршеното известување за пристигнување на пратката.

    За извршување на повторно предавање на пратката на превоз, превозникот наплатува надоместок пропишан во Тарифата, Дел 6.

Член 28

**Пречки при издавање**

1. Пречка при издавањето на пратката постои ако:
    1) примачот не може да се пронајде;
    2) примачот го одбие приемот на пратката;
    3) товарниот лист не е откупен во предвидениот рок;
    4) издавањето го забранил надлежен орган.
2. Превозникот е должен, без одлагање и на најбрз начин, да го извести испраќачот за пречката при издавањето на пратката и да побара упатство од него.
3. Ако упатството на испраќачот не пристигне во примерен рок или ако не може да се изврши упатството, или ако не е можно да се извести испраќачот, превозникот има право стоката да ја смести привремено, на трошок и на ризик на испраќачот, и во тој случај превозникот одговара како чувар.
4. Во случајот од точка 3 од овој член, превозникот има право да ја предаде стоката на шпедитер или на јавно складиште на трошок и на ризик на испраќачот со тоа што одговара за нивниот избор.
5. Превозникот е должен без одлагање да го извести испраќачот за дејствата од точка 3 и 4 од овој член.
6. За постоење пречки при издавање на стоки, упатната станица веднаш ќе го извести испраќачот преку отправната станица и од него ќе побара упатство.
   Испраќачот може да определи во товарниот лист во соодветна рубрика, во случај на пречки при издавањето, предметот да се врати во отправната станица без претходно известување.

Член 29

**Утврдување на губење или оштетување на стоката**

1. Ако превозникот или носителот на правото утврдат или се посомневаат дека постои делумно губење или оштетување на стоката подготвена за превоз, превозникот е должен веднаш да состави записник за увид и да ја утврди состојбата, а по потреба, и тежината на стоката, како и причината и висината на штетата, ако е тоа можно, наведувајќи го и времето кога и под кои околности се случила штетата.
2. Превозникот му издава на носителот на правото примерок од записникот за увид.
3. Ако е можно, превозникот е должен губењето или оштетувањето на стоката да ги утврди во присуство на носителот на правото, а по потреба, и во присуство на еден или повеќе вешти лица или сведоци.
4. Ако при увидот извршен по барање на носителот на правото не се утврди никаква штета, или се утврди само штета која веќе ја признал превозникот, носителот на правото е должен да ги надомести настанатите трошоци.

Член 30

**Одговорност на превозникот за надоместок на штета кај повторно предавање (реекспедиција) на пратка**

Ако кај пратката која е повторно предадена на превоз (реекспедиција) се утврди делумно губење или оштетување на стоката во новата упатна станица, се претпоставува (под услов пратката цело време од пристигнувањето до повторното предавање да била на чување кај превозникот и повторно да била предадена на превоз во состојба во каква пристигнала во станицата на повторното предавање) дека овој делумен губиток, односно оштетување на предметите настанало за време на возењето на последниот договор за превоз.

Член 31

**Ограничување на одговорноста на превозникот во посебни случаи**

Кога друмски возила, машини или земјоделска механизација се превезуваат необвиткани или недоволно обвиткани, испраќачот е должен деловите кои можат лесно да се отстранат посебно да ги наведе во одредена рубрика на товарниот лист **"Означување на стоката"**, односно во дополнителниот лист со заверка на превозникот.

Член 32

**Висина на отштетата и надоместок поради пречекорување на рокот на испорака**

1. Ако носителот на правото докаже дека поради пречекорувањето на рокот на испорака претрпел штета, вклучувајќи го и оштетувањето, превозникот е должен да ја плати докажаната штета, но најмногу до трикратен износ на превознината.
2. Во случај на губење на стоката, не може да се бара надоместок на штета поради пречекорување на рокот на испорака.
3. Во случај на делумно губење на стоката, надоместокот на штетата од точка 1 на овој член не може да биде поголема од трикратниот износ на превознината за делот на праткта кој не е изгубен.
4. Во случај на оштетување на стоката, кое не настанало поради пречекорување на рокот на испорака, се плаќа надоместокот на штетата од точка 1 на овој член, зависно од случајот, и покрај платениот надоместок на штета од член 68 од Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај.
5. Вкупниот надоместок на штета предвиден во точка 1 на овој член, заедно со надоместокот на штетата од член 68 од Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, не може да биде поголем од износот кој би требало да се плати во случај на целосно губење на стоката.
6. Барањето за надоместок на штета во случај на пречекорување на рокот на испорака мора да се достави најдоцна во рок од 15 дена од денот на издавањето на стоката.
7. Ако барањето за надоместок на штета не се достави во рокот од точка 6 од овој член, превозникот повеќе не е одговорен за таа штета.

Член 33

**Рекламации**

1. Превозникот е должен на имателот на правото да му го врати повеќе наплатениот износ и да му ја надомести настанатата штета (поради оштетување, потполн или делумен губиток и за пречекорување на рокот на испрака на пратката) доколку ја предизвикал по своја вина, а помалку наплатениот износ и штетата (предизвикана на лица, на други предмети, на возните средства, уредите и постројките), која ја предизвикал корисникот на превоз, има право дополнително да ја наплати од корисникот на превоз.

***Враќање на повеќе наплатени превозни трошоци***

2. Превозникот по службена должност му ги враќа на имателот на правото повеќе наплатените превозни трошоци.
   Превозникот (контролата на приходи) претходно го известува имателот на правото за повеќе наплатениот износ на превозните трошоци. По приемот на **"Известувањето за повеќе наплатените превозни трошоци"**, имателот на правото е должен во рок од шест месеци од денот на плаќањето да му поднесе на превозникот, покрај известувањето:
   1) дупликат на товарниот лист, франкатурна сметка (ако бил доставен) и други документи кои служат како доказ за платени превозни трошоци, доколку превозните трошоци ги платил испраќачот;
   2) товарен лист (лист 1) и други документи за извршеното плаќање на превозните трошоци ако превозните трошоци ги платил примачот;
   3) име, презиме, адреса, име и број на сметката на која треба да се изврши уплата.

   Имателот на правото може да му поднесе рекламација на превозникот (контрола на приходи) во писмена форма, со барање за поврат на повеќе платени превозни трошоци.

***Наплата на помалку платени превозни трошоци***

3. Превозникот има право дополнително да ги наплати трошоците на превозот кои пропуштил да ги наплати или ги наплатил во помал износ отколку што имал право. Поради наплата на побарувања од став 1 на оваа точка, превозникот писмено го повикува корисникот на превоз да го плати помалку наплатениот износ. Ако корисникот на превозот не го подмири побарувањето во рок од 30 дена од денот на доставувањето на писмениот позив, превозникот има право да бара наплата преку суд.

***Останати побарувања од договорот за превоз***

4. Со рекламацијата за наплата на други побарувања настанати врз основ на договорот за превоз (губитоци, оштетувања, надоместоци поради пречекорување на рокот на испорака), треба да приложи:
   1) товарен лист (лист 1), односно дупликат на товарниот лист (лист 4);
   2) сите други исправи која ја докажуваат оправданоста на рекламацијата, како и докази за вредноста на предметите во местото и во времето на нивното предавање на превоз (записник за извидување, наод на судски вештак, фактура и др.).
   Образложената рекламација се поднесува до железничкото транспортно претпријатие.
5. Исправите кои се поднесуваат со рекламацијата можат да се дадат и во препис или фотокопија, но пред исплатата на побарувањето исправите мораат да се поднесат во оригинал.
6. Правото на поднесување на рекламација од лице кое не го извршило плаќањето, односно кое не е имател на правото за побарување, се утврдува со соодветни важечки исправи како што се: упатница (цесија), полномошно и сл. Превозникот може да бара потписите на овие исправи да бидат заверени.

ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИНА

Член 34

**Општи прописи**

1. Превознина се смета само превозната цена за една пратка, а се пресметува посебно за секоја пратка.
   Под поимот превознина се смета и додатокот на превознината.
2. Превознината, додатокот на превознината, надоместокот за споредни пристојби и останатите трошоци пресметани во товарниот лист преставуваат превозни трошоци.
3. Превознината, доколку не е на друг начин пропишано, за вагонски пратки се пресметува врз основа на:
   1) Начин на превоз (редовен и договорен);
   2) Вид предмети (тарифна класа во која припаѓаат);
   3) Маса на пратката за која се плаќа превознина (пресметковна маса);
   4) Тарифно растојание;
   5) Вид, тип и сопственост на вагонот.
4. Масата на пратката опфаќа, доколку со тарифата на друг начин не е пропишано, сѐ што е предадено на превоз заедно со стоката.
5. Како основа за пресметување на превознина служби пресметковната маса која се утврдува врз основа на:
   1) Стварната маса;
   2) Зголемената маса, доколку зголемувањето е пропишано со Тарифата;
   3) Единечната маса;
   4) Најмалата маса .
6. Тарифното растојание, како и условите за примена се наведени во Далечинарот за превоз на стоки на МЖ Транспорт АД-Скопје по пругите во Република Македонија (Тарифа, Дел 4).
7. Превозните ставови се пропишани во Тарифата, Дел 6, а надоместоците за споредни услуги во Тарифата, Дел 6 и Дел 6а.

8. Ако за пресметување на превознината треба да се зголеми или намали превозниот став за одреден процент, така зголемениот или намалениот превозен став се заокружува на 0,50 ден.
9. За пратка која се состои од повеќе стоки кои припаѓаат во различни тарифни класи, превознината се пресметува за секој од тие стоки по тарифната класа во која припаѓаат стоките, а вкупната превознина се заокружува за 0,50 ден.
10. Ако превознината, пресметана според општите прописи, треба да се зголеми или намали за одреден процент, износот на зголемување или намалување се додава, односно одзема од таа превознина и така добиената превознина се заокружува на 0,50 ден.
11. Превозникот наплатува надоместоци за споредни услуги, за посебни работи и издатоци поврзани за извршување на договорот за превоз, кои ги врши за сметка или во име на корисникот за превоз, односно за употреба на средства за превозникот потребни при превозот, апропишани во Тарифата -Дел 6 и Дел 6а.
12. Пресметаната превознина, додатокот на превознината, поединечните надоместоци за споредни услуги и останатите трошоци се заокружуваат на 0,50 ден.
    Заокружувањето на 0,50 ден. се врши на следниот начин:
    - до 0,25 ден. - на 0 денари;
    - од 0,25 ден до 0,75 - на 0,50 ден.;
    - од 0,75 ден до 1,00 - на 1 денар нагоре.

Член 35

**Денковни пратки**
(Се изоставува.)

Член 36

**Вагонски пратки**

1. За стоките кои се превезуваат како вагонски пратки постојат 3 тарифни класи.
2. Во секоја тарифна класа постојат 4 превозни става, и тоа: 10 т, 15 т, 20 т и 25 т.
3. Масата која служи за пресметување на превозната се заокружува за секои започнати 100 кг на 100 кгр нагоре.

***Пресметување превознина***

4. За пресметување на превозната се применува превозниот став кој одговара на пресметковната маса на пратката.
5. Најмала пресметковна маса за пресметување на превознина, доколку не е пропишано на друг начин со Тарифата, изнесува:
    а) за употребен вагон најмалку 5000 кг по оска;
    б) за применет превозен став
    - 10-тонски најмалку за 10.000 кг:
    - 15-тонски најмалку за 15.000 кг:
    - 20-тонски најмалку за 20.000 кг:
    - 25-тонски најмалку за 25.000 кг.
6. Ако пресметкованата маса на вагонската пратка која ја одредува применета на одредениот превозен став се наоѓа помеѓу два најмали пресметковни маси, превознината се пресметува за пресметковната маса по превозниот став за помалата пресметковна маса, доколку со превозниот став за поголемата маса по најмалата пресметковна маса за таа поголема маса не се добие поевтина превознина.

**Вагонски пратки во редовен превоз**

7. Превознината се превезува според превозните ставови наведени во Тарифата, Дел 6.
8. Ако вагонска пратка во редовен превоз, по барање на испраќачот, впишана во товарниот лист, се превезува во возови за превоз на патници, превознината се пресметува според прописите за вагонски пратки во редовен превоз и се зголемува за 100%.

**Вагонски пратки во договорен превоз**

9. Вагонските пратки во договорен превоз се примаат на превоз само врз основа на посебен договор помеѓу превозникот и корисникот на превозот.

**Вагонски пратки на стоки кои се во различни тарифни класи**

10. Ако масата на одделни стоки кои се во различни тарифни класи не се наведени посебно во товарниот лист (во рубрика-"Маса во кг"), превознината се пресметува за вкупната превозна маса на пратката по тарифната класа на стоката која во таа пратка највисоко тарифира.
11. Доколку масите на одделните предмети се посебно наведени во товарниот лист, превознината се пресметува посебно за секои предмети (или за секоја група на предмети кои припаѓаат во иста тарифна класа) врз основа на нивната стварна маса заокружена на 100 кг нагоре, важечката тарифна класа и превозните ставови кои одговараат на вкупната пресметковна маса на пратката.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕВОЗНИНА

Член 37

**Мешовит (комбиниран) превоз на пратки**
(Се изоставува.)

Член 38

**Превоз на пратки на индустриски пруги надвор од јавниот сообраќај**
(Се изоставува.)

Член 39

**Шински возила на сопствени тркала кои не се распоредени во вагонскиот парк на некоја железница**

1. Шински возила на сопствени тркала се примаат на превоз под услов превозникот да ја утврди нивната способност за сообраќај. Оваа способност превозникот ја потврдува со издавање на посебна потврда која мора да биде впишана во рубриката "Прилози" и приложена со товарниот лист.
2. Испаќачот може по свој избор да бара одреден начин на превоз (редовен или договорен) под услов да може тој превоз да се изврши имајќи ги предвид техничките и другите услови за експлоатација.
3. Поставување на шински возила на сопствени тркала, како и нивно симнување од колосеци врши испраќачот, односно приемачот.
4. Шинските возила на сопствени тркала кои се движат на сопствен погон се примаат на превоз под посебни услови, кои се утврдуваат за секој случај посебно.
5. Локомотиви, тендери и моторни вагони треба да имаат овластено и стручно лице, кое ќе ги придружува, а кое го одредува испраќачот. Придружното лице се грижи за подмачкување и други технички и стручни опслужувања на возилото.
6. Освен локомотиви, тендери и моторни вагони, може да се пратат и останати шински возила кои се превезуваат на сопствени тркала. Испаќачот кој сака да го користи ова право е должен тоа да го впише во рубриката "Изјава" во товарниот лист.
   Ако превозникот се сложува да врши подмачкување, трошоците ја товарат пратката.
7. Придружникот мора да патува во возилото кое го придружува ако го дозволува тоа конструкцијата на возилото, во спротивно потребно е да се обезбеди посебен патнички или товарен вагон.
8. Превознината се пресметува за секое празно возило за сопствената маса на возилото заокружена на 100 кг нагоре, но најмалку за 10.000 кг по тарифна класа и превозниот став кој одговара. При утврдување на превозниот став, не се применува прописот од **чл. 36, т. 5 под а.**
9. Шинските возила на сопствени тркала можат да бидат натоварени со некои предмети, доколку превозникот го дозволува тоа. Ако таквото возило е натоварено со предмети, превознината се пресметува за вкупната стварна маса на возилото и предметите заокружени на 100 кг нагоре, но најмалку за 10 000 кг без примена на член 36, т. 5 под а. Ако возилото и натоварените стоки се во различни тарифни класи, се применуваат прописите за пресметување на превознина за вагонски пратки за стоки кои се во различни тарифни класи.

Член 40

**ВОЗИЛА**
(Се изоставува.)

Член 41

**Железнички вагони за посебни намени**

Се превезуваат врз основ на посебен договор помеѓу корисникот и превозникот.

Член 42

**Особени пратки**

1. Пратки кои го прекорачуваат товарниот габарит, дозволеното оптоварување по оска или по должен метар, или не ги исполнуваат пропишаните технички норми и во превозот му причинуваат посебни тешкотии на превозникот заради што мораат да се преземат посебни технички и заштитни мерки, како и контејнери чија висина и широчина пречекоруваат 2,438 м (8 англиски стапки), се примаат на превоз само врз основа на посебен договор помеѓу корисникот на превозот и превозникот. Со посебниот договор се утврдуваат обврските на корисникот и на превозникот за целиот превозен пат, условите на превозот, процентот на зголемување на превознината, како и посебните трошоци за услугата.
2. Испраќачот кој сака да предаде на превоз особена пратка потребно е претходно да ја пријави кај превозникот непосредно или преку отправната станица. Писмена пријава треба да поднесе пред намерата за превоз, и тоа најдоцна:
   1) 10 дена за особени пратки, кои се превезуваат во внатрешниот сообраќај;
   2) 30 дена за особени пратки, кои се превезуваат во меѓународниот сообраќајот
3. Писмената пријава треба да содржи:
   1) Кога е во прашање особена пратка која го прекорачува товарниот профил:
      а) Адресата, односно името и седиштето на испраќачот;
      б) Денот на товарење на пратката;
      в) Отправната и упатната станица, а кај извозните особени пратки и излезната гранична станица, царинската станица и упатната земја;
      г) Местото на истовар и евентуално означувањето на индустрискиот колосек;
      д) Видот на товарот и означувањето на неговите хоризонтални и вертикални проекции со сите карактеристични податоци за должината, широчината и висината на товарот;
      ѓ) Масата на товарот;
      е) Тежиштето на товарот ако тоа не е во средината на вагонот.

   Со писмената пријава потребно е да се приложат и нумерирани цртежи во кои се означени мерките, кои го претставуваат товарот во должински и водорамен пресек, како и сите потребни попречни пресеци. Овие цртежи треба да бидат изработени во размер 1:25, и тоа по можност на хартија која дозволува копирање со осветлување. Во цртежот треба да бидат обележани критичните точки на пратката.

   2) Кога е во прашање особена пратка на шински возила на сопствени тркала, покрај податоците од одредбите под а), б), в) од потточка 1) на оваа точка, уште и:
      а) видот на возило и неговата маса;
      б) вкупната должина на возилото;
      в) масата на возилото по должен метар;
      г) бројот на оските и дозволеното оптоварување по оска;
      д) растојанието помеѓу крајните оски, односно стожерот на вртливата подношка;
      ѓ) Растојанието помеѓу оската во вртливата подношка;
      е) Најголемата дозволена брзина во км/час;
      ж) Најмалиот полупречник на свиок преку кој може возилото да помине.
   3) Кога се во прашање останати особени пратки, се поднесуваат податоци според прописите од подточка 1) од оваа точка без поднесување на цртежи.

4. Покрај превознината пресметана според општите тарифни прописи за вагонски пратки, се пресметува и додаток за превоз на особена пратка. Додатокот се пресметува за цел превозен пат така што пресметаната превознина се зголемува:
   1) за особени пратки во внатрешниот сообраќај, извоз и увоз:
   1.1. За 60 % кога се презема една од следните технички заштитни мерки:
   - Смалување на брзината на возот за особени пратки, која пречекорува товарен габарит во ширина или пречекорува дозволено оптоварување по оска, односно по должен метар при што е потребно да се пропишат поголем број на бавни возења преку одделни критични места на пругата (тунели, мостови, пропусти, свртници итн.);
   - Превоз само по ден поради задолжителен преглед на пругата непосредно по поминување на возот со особена пратка;
   - Задолжителна придружба на железнички стручни органи, вагонско--технички или градежни струки за особени пратки кои не го пречекоруваат товарниот габарит, но придружбата е потребна поради природата на товарот и посебниот вид на обезбедување;
   - Превоз на локомотиви кои не се сопственост на МЖ Транспорт АД-Скопје на сопствени тркала во студена состојба со придружник кој го обезбедува корисникот на превоз, кои се превезуваат во состав на редовните возови со ограничена брзина со 60 км/час.
   1.2. За 30% ако се преземат техничко-заштитни мерки од точката 1.1., но тие се помали и за превоз на локомотиви на сопствени тркала и сопствена влечна влеча, кои не се сопственост на МЖ Транспорт АД-Скопје и кога се превезуваат како локомотивски воз со персонал на корисникот на превозот.
   2) За особени пратки во транзитен сообраќај,за 30% за сите случаи наведени во точка 1).
5. Пресметаниот додаток на превоз на особени пратки, според прописите на т. 4 од овој член, не се зголемува ниту се намалува според други тарифни прописи.
6. Доколку превозникот за организацијата за превоз на особена пратка има и посебни трошоци, тие се пресметуваат според стварните трошоци и се наплатуваат од корисникот на превозот како додаток за превоз на особена пратка.

Член 43

**Превоз на долги предмети во повеќе вагони, додавање на штитни и вметнати вагони, односно вагони од технички причини**

1. Ако се:
   а) Предмети кои поради својата должина се товарат на два или повеќе вагони;
   б) Се додаваат празни штитни вагони заради обезбедување на натоварените предмети;
   в) Се додаваат празни вагони поради поврзување на вагоните на кои се наоѓа товарот(вметнати вагони).
   г) Се додаваат празни вагони снабдени истовремено со автоматски квачила, поради превоз на предмети натоварени во вагони со автоматски квачила, се смета дека секој вагон од пратката, вклучувајќи го и празниот вагон, дека се еднакво оптоварени. Превознината се пресметува посебно за секој вагон по општите тарифни прописи во зависност од видот, типот и сопственоста на вагоните.
2. Ако се изврши редовен или вонреден претовар на пратката и се претовари во такви вагони така што повеќе не е потребно додавање на вагони од точката 1 од овој член, превознината се пресметува директно од отправната до упатната станица независно од извршениот претовар.
3. Штитните и вметнатите вагони не смеат да бидат оптоварени со натоварените предмети.
4. Пратките кај кои се употребуваат еден или повеќе вагони од точка 1 на овој член се предаваат на превоз со еден товарен лист.
5. Надоместоците за споредни услуги се пресметуваат посебно за секој вагон, освен надоместокот за измена на договорот за превоз и реекспедицијата, кои треба да се пресметуваат од пратка, а не од вагон.

Член 44

**Денчани кабасти предмети**
(Се изоставува.)

Член 45

**Мешовит воен транспорт**

1. Под мешовит воен транспорт се подразбира превоз на луѓе и воена опрема. Мешовит воен транспорт се состои од најмалку 2 вагона од кој едниот е за превоз на луѓе.
   Пресметувањето на превознината за мешан воен транспорт се врши според општите тарифни прописи врз основа на видот на стоката, видот и типот вагон (обични или специјални) и сопственоста на употребените вагони (сопственост на железницата, корисникот на превозот или под закуп).
   За употребен патнички вагон, превознината секогаш се пресметува за маса од 25.000 кг по прва тарифна класа.
2. Ако за превоз на мешовит воен транспорт се бара посебен воз, превознината не може да биде помала од превознината пресметана за маса од 500.000 кг по прва тарифна класа и 25-тонски превозен став за односното растојание.

Член 46

**Превоз на опасни материи и предмети пропишани во РИД**

Испраќачот е должен за секоја пратка на опасни материи и предмети наведени во РИД да му предаде на превозникот посебни исправи за превоз и упатство за посебните техничко-заштитни безбедносни мерки, кои мораат да се преземат при превозот.
За експлозивни материи и предмети, радиоактивни и отровни материи кои се примаат на превоз само ако се исполнети условите пропишани во РИД, испраќачот е должен да му предаде на превозникот (покрај исправа од претходниот став) и посебно одобрение издадено од соодветните државни органи. Одобрение од претходниот став не е потребно при превоз на експлозивни материи и предмети за воени потреби за кои има воено обезбедување.
Исправите за превоз се предаваат со товарен лист и мораат да содржат:

- податоци за содржината на пратката;
- изјаснување на испраќачот дека се исполнети условите за превоз на односните опасни материи или предмети;
- назив, односно име и адреса на испраќачот и приемачот;
- означување дека со исправата за превоз му е предадено на превозникот упатството за посебни мерки за безбедност при превозот и одобрение за превоз.
- Потпис и печат на испраќачот.

Член 47

**Придружник на пратка**

1. Ако пратката кај која е задолжително придружување и има придружник, или ако превозникот одобри придружување при превозот на товарни возови, секој придружник ќе купи возен билет за втора класа за патнички воз, а при превоз во возови за превоз на патници возен билет за употребената класа и вид воз. Возната исправа мора да гласи до упатната станица на пратката, мора да биде впишана во товарен лист, како и името на придружникот во рубриката "Изјава".
2. Доколку придружникот не може да се смести во вагон со пратката, а нема други можности за превоз, превозникот е должен по барање на испраќачот да обезбеди посебен патнички или товарен вагон за превоз на придружникот.
   Превознината се пресметува посебно за секој вагон според општите тарифни прописи врз основа на просечната маса на предмети, која припаѓа на еден употребен вагон, вклучувајќи го и вагонот за придружникот.
   Податоците за додадениот вагон и превознината се впишуваат во одредена рубрика во товарниот лист.
3. Придружниците на шинските возила на сопствени тркала, придружниците на вагони-ладилниците со специјални уреди за производство на струја и придружниците на пратките на големите контејнери-ладилници се превезуваат бесплатно ако патуваат на возилата-вагоните, кои ги придружуваат.

Член 48

**Превоз на живи животни**

Живи животни се примаат на превоз само ако тоа не е во спротивност со ветеринарно-санитетските прописи.

Член 49

**Палети**

За пратките кај кои стоките се товарени на палети, превознината се пресметува според општите прописи за пресметување за масата која се утврдува со одземање на дарата на палетите од бруто-масата на пратките Масата на палетите која се одзема од бруто-масата на пратката не смее да биде поголема од 15% од нето-масата на товарените предмети. Кај пратките со предмети кои различно тарифираат, делот на масата на палетите кој е поголем од 15% од нето -масата на стоката се додава на масата на стоката која е поголема, односно доколку се еднакви масите на стоките, тогаш се додава на масата на стоката, која тарифира најскапо. Доколку испраќачот во рубриката "Маса во кг" во товарниот лист не ја впише сопствена маса на палетите, превознината се пресметува за вкупната бруто-маса на пратката.

Член 50

**Превоз на контејнери**

***Општи прописи***

**A. Поим и вид контејнери**

1. Овие прописи се применуваат за превоз на контејнери-сопственост на превозникот или корисникот на превоз.
2. Под поимот Iконтејнерв се подразбира отворен или затворен сандак или сад кој служи како помошно средство за превоз на предмети, кои се:
   - од траен карактер;
   - особено граден така што да овозможува превоз на предмети со едно или со различно транспортно средство, без претоварање на предметите;
   - снабден со уреди кои ја олеснуваат манипулацијата;
   - со капацитет најмалку од 1 $м^3$ и чии димензии не преоѓаат должина од 12,192 м (40 англиски стапки), широчина и височина од 2,438 м (8 англиски стапки).

   Поимот "контејнер" опфаќа и помошен прибор и опрема на контејнерот под услов да се превезува со него.
3. Со оглед на големината, контејнерите се делат на:
   а) мали контејнери, чија зафатнина е од 1 $м^3$ до 3 $м^3$;
   б) средни контејнери, чија зафатнина е поголема од 3 $м^3$, а должината помала од 6 и
   в) големи контејнери, чија зафатнина е поголема од 3 $м^3$, а должина 6 м или поголема.

4. Малите контејнери, со оглед на зафатнината, се делат на:
   а) категорија "А" со зафатнина од 1 $м^3$;
   б) категорија "Б" со зафатнинат од над 1 до 2 $м^3$;
   в) категорија "Ц" со зафатнината од над 2 $м^3$ до 3 $м^3$.
5. Големите контејнери, со оглед на должината се делат на:
   а) категорија 10-чија должина е 10 англиски стапки (2,990 м);
   б) категорија 20-чија должина е 20 англиски стапки (6,058 м);
   в) категорија 30-чија должина е 30 англиски стапки (9,125 м);
   г) категорија 40-чија должина е 40 англиски стапки (12,192 м).

### Б. Мали и средни контејнери

***Контејнери-сопственост на превозникот***

6. За превоз на стоки во контејнери-сопственост на превозникот, превознината се пресметува:
   а) според општите прописи за пресметување на превознина, за стварната маса на натоварената стока;
   б) ако во текот на превозот стоката од контејнер се претовари во вагон, превознината се пресметува како да е превозот извршен со вагон на целиот превозен пат, доколку тоа е поповолно за корисникот.
7. Стварната маса на натоварената стока се утврдува со одземање на сопствената маса на контејнерите од бруто-масата впишана во рубриката "Маса" во товарниот лист или утврдена со вагање.
8. Испраќачот во товарниот лист, покрај вообичаените податоци, треба да ги впише и следните податоци:
   - во рубриката "Означување на стока", видот и категоријата на контејнерот (мали, средни), капацитетот и останатите значајни карактеристики на контејнерот и бројот на предадените контејнери на превоз;
   - во рубриката "Маса", сопствената маса на контејнерот.

***Контејнери-сопственост на корисникот на превоз***

9. За превоз на стоки во контејнери-сопственост на корисникот на превозот, важат прописите за превоз на стока во контејнери-сопственост на превозникот во точка 6, 7, и 8 од овој член.
10. За превоз на празни контејнери-сопственост на корисникот на превозот, превознината се пресметува според општите прописи за пресметување на превознината.

### В. Големи контејнери

11. Овие прописи се однесуваат на универзалните и специјалните големи контејнери од 10', 20', 30' и 40'-сопственост на превозникот или на корисникот на превозот.
12. На еден вагон може да се натоварат повеќе големи контејнери, празни или натоварени, или празни и товарени заедно, под услов да не е во спротивност со прописите за товарење на вагон, а кај царински пратки да може без пречки да се врши царински преглед.
13. Покрај вообичаените податоци, во товарниот лист за секој контејнер посебно мораат да бидат впишани податоци за сопствениот број на контејнерот предаден на превоз и податоци според прописите од точка 4 од овој член.
14. Превознината за големи контејнери се пресметува врз основа на Таблицата од Тарифата, Дел 6 за товарени, односно за празни контејнери во зависност од категоријата за секој контејнер посебно. Пар на контејнери од 10' и секој понатамошен започнат пар во една пратка се смета како контејнер од 20'.

Член 51

**Покривачи и носачи (потпирачи) на покривачите**

***Покривачи и носачи на покривачите-сопственост на превозникот***

1. По барање на испраќачот, превозникот ќе достави покривачи и носачи на покривачи доколку располага и под услов да не постои опасност стоката предадена на превоз да се оштети.
2. Испраќачот е одговорен за оштетувањата на секој вид или губење на покривачите и носачите на покривачите, сѐ до нивното враќање на превозникот, доколку до нивното оштетување не дошло по вина на превозникот или доколку оштетувањето не настанало од нивно природно абење.
3. Ставање и симнување на покривачите и носачите на покривачите врши испраќачот, односно примачот.

4. Покривачите и носачите на покривачите кога се користат за покривање на стоката се превезуваат бесплатно во маса до 10% од стварната маса на натоварените предмети ако нивната маса е посебно наведена во товарниот лист. Ако масата на покривачите и носачите на покривачите поминува 10% од стварната маса на стоката, вишокот на маса се додава на незаокружената маса на стоката. Ако пратката се состои од стоки кои различно се тарифираат, вишокот на маса се додава на незаокружената маса на оние стоки чија стварна маса е најголема, а ако стварните маси се исти, тогаш се додава на масата која од таа пратка најскапо тарифира.
5. Ако кај пратките кај кои испраќачот не барал званично вагање и не е посебно наведена масата на покривачите или носачите на покривачите, превознината се пресметува за бруто-маса на пратката.
6. За употреба на покривачи-сопственост на превозникот, се наплатува надоместок за употребен покривач пропишан во Тарифата, Дел 6.
7. При отправување на покривачите и носачите на покривачите заедно со стоката, испраќачот во товарниот лист мора да впише во рубриката "Означување на стока" зборот покривач, односно носач на покривач, количина и сопственик. Во рубриката "Маса во кг", сопствената маса на покривачите и носачите на покривачите.

***Покривачи и носачи на покривачите-сопственост на корисникот на превозот***

8. За покривачите и носачите на покривачите-сопственост на корисникот на превозот, важат за пресметување на превознината на предметите условите од точка 4 и 5 од овој член.
9. За превоз на покривачи и носачи на покривачи, кои се испраќаат во некоја станица за да се употребат за натоварување на пратки, превознината се пресметува според општите прописи за превознина.
10. За покривачи и носачи на покривачи-сопственост на корисникот на превозот, испраќачот е должен, покрај податоците од точка 4 на овој член, да го наведе уште и името и домицилната станица.
11. Покривачите и носачите на покривачите кои биле употребени кај вагонски пратки, се превезуваат во враќање до првобитната отправна станица или до некоја друга станица со наплата од 50% под следните услови:
    1) Враќањето мора да следува во рок од 3 месеци;
    2) Испраќачот да ја впише во товарниот лист во рубриката "Означување на предмети" следната забелешка "употребено за пратка" по товарен лист број _____ од дата ______ од станица _______за станица ______, издадена на ден _____.

Член 52.

**Останат товарен прибор**

***Останат товарен прибор-сопственост на превозникот***

1. Како останат товарен прибор се сметаат следните предмети: штици, скеле,подлоги, полици, ланци, ногари, јажиња, клинови, како и други слични предмети кои служат за сместување, прицврстување во однос на обезбедување на товарот на или во вагонот. На барање на испраќачот, превозникот ќе достави останат товарен прибор доколку располага со него.
2. Останатиот товарен прибор кога се користи за превоз на стока се превезува бесплатно во маса до 10% од стварната маса на товарената стока ако е посебно наведена посебно во товарниот лист. Ако масата на останатиот товарен прибор поминува 10% од стварната масата на стоките, вишокот на масата се додава на незаокружената маса на стоката. Ако пратката се состои од стоки кои различно тарифираат, вишокот на маса се додава на незаокружената маса на оние стоки чија стварна маса е најголема, а ако стварните маси се исти тогаш се додава на масата која од таа пратка најскапо тарифира.
3. Ако за пратките испраќачот не барал званично вагање и не е посебно наведена масата на останатиот товарен прибор, превознината се пресметува за бруто-маса на пратката.
4. За употреба на останат товарен прибор-сопственост на превозникот, се наплатува надоместок за употребен останат товарен прибор пропишан во Тарифата, Дел 6.
5. При отправувањето на останатиот товарен прибор заедно со стоката, испраќачот во товарниот лист мора да се впише во рубриката "Означување на стоката" зборот

останат товарен прибор, количина и сопственик. Во рубриката "Маса во кг", сопствената маса на останатиот товарен прибор.

***Останат товарен прибор-сопственост на корисникот на превозот***

6. За останатиот товарен прибор-сопственост на корисникот на превозот, за пресметување на превозникната се применуваат прописите од точка 2 и 3 од овој член.
7. За превоз на останат товарен прибор, кој се испраќа во некоја станица за да се употребат кај пратки, превознината се пресметува според општите прописи за пресметување на превознина.
8. За останатиот товарен прибор-сопственост на корисникот на превозот, испраќачот е должен, покрај податоците од точка 5 на овој член, да ги наведе уште и името на сопственикот и домицилната станица.
9. Останатиот товарен прибор кој бил употребен кај вагонски пратки, се превезува во враќање до првобитната отправна станица или до некоја друга станица со наплата од 50% под следните услови:
   1) Враќањето мора да следува во рок од 3 месеци;
   2) Испраќачот да ја впише во товарниот лист во рубриката "Означување на стоката" следната забелешка "употребено за пратка според товарен лист број ____ од датум _____ од станица _____за станица ____, издадена на ден _____".

Член 53

**Материи и предмети кои служат за заштита на стоките од топлина и студ**

1. Овие прописи се применуваат за материи и предмети, кои ја пратат вагонската пратка и служат за нејзина заштита од топлина и студ за време на превоз со железница, доколку не служат за редовно пакување, односно за заштита на стоката од губење и оштетување.
   Предмети за заштита од топлина или студ се сметаат: мраз и сув мраз, сено, слама, тресет струганици, делови од хартија, дрвена волна, перници од слама, поставени и непоставени покривачи, како и сите други слични предмети, кои служат за одржување на одредена температура.
2. Испраќачот ги наведува во товарниот лист, во рубриката "Означување на стоката", видот на овие материи и предмети, а во рубрика "Маса", масата на материјата и предметите, кои служат за заштита на стоката од топлина и студ.
3. Предметите за заштита од топлина и студ, освен мраз, се превезуваат кога се со стоката при што се превезуваат безплатно во количина најмногу до 10% од стварната маса на товарената стока. Меѓутоа, количината на мраз не е ограничена. Таа не се пресметува во 10% и се превезува бесплатно во количина која е неопходно потребна за заштита на стоката од топлина за цело време на превозот.
   Ако масата на предметите за заштита на стоката (освен мразот) поминува над 10% од масата на стоката, вишокот на масата се додава на незаокружената маса на стоката. Ако пратката се состои од стоки кои различно тарифираат, вишокот на масата се додава на незаокружената маса на стоката која во таа пратка најскапо тарифира.
4. Ако за пратката не е барано званично вагање на масата на предметите за заштита на стоката и не е одвоено посебно наведено во товарниот лист, превознината се пресметува за вкупната маса на пратката.
5. Границата на товарање не смее да биде пречекорена поради употреба на материи и предмети, кои служат за заштита на стоката од топлина и студ.
6. За превоз на материи и предмети кои служат за заштита на стоката кога се превезуваат посебно од стоката, превознината секогаш се смета според општите прописи за пресметување на превознина.

Член 54

**Додавање мраз во текот на превозот**

(Се изоставува.)

Член 55

**Вагони со специјална конструкција-сопственост на превозникот**

1. Како вагони со специјална конструкција се сметаат следните вагони:
   1) вагони со термичка изолација (изотермички вагони со постојано вградени апарати за ладење или греење, вагони-ладилници);
   2) вагони-цистерни за превоз на гас (плин), течности;
   3) вагони на катови (двокатни) за превоз на автомобили;
   4) вагони со спуштен (вдлабнат) под;
   5) вагони со уреди за автоматски истовар со помош на гравитација или воздушен притисок;
   6) машини за ладење без простор за товарење.
2. За превоз на стоки во вагони од претходната точка, превознината се пресметува според општите прописи за пресметување на превознина и така пресметаната незаокружена превознина се зголемува за 30%.
3. За превоз на гас (плин) во цистерни и вагони со машини за разладување без простор за товарење, превознината се пресметува за сопствената маса на употребените вагони според општите тарифни прописи и така пресметаната незаокружена превознина се зголемува за 30%.

Член 56

**Вагони на корисникот на превозот и вагони во закуп**

***Општи услови***

1. Вагони на корисникот на превозот се сметаат вагоните кои се распоредени во вагонскиот парк на која било железница на име на некое претпријатие или друго правно или физичко лице. Овие вагони треба да бидат облежани со знакот "П".
2. Вагоните на корисникот на превозот можат да се товарат само со стока, која е предвидена во договорот за распоредување на вагоните во вагонски парк. Доколку во тој поглед во договорот не е посебно одредено, вагоните можат да се употребат за секоја вид стока за која се способни. Испраќачот е одговорен за последиците кои би настанале поради непридржување на овој пропис.
3. Испраќачот задолжително мора да ги впише следните податоци во товарниот лист:
   1) кај празните вагони, во рубриката ΙОзначување на стокав забелешката празен вагон на корисникот на превозот, односно празен вагон даден во закуп;
   2) кај товарените вагони, во рубриката Означување на стокатав забелешката натоварено во вагон на корисникот на превозот, односно натоварено во вагон даден во закуп.
4. Со товарниот лист за натоварен вагон, испраќачот може да приложи товарен лист за враќање или за понатамошно отправување на празен вагон а во товарниот лист за товарен вагон во рубриката "Изјава" ја пишува забелешката "Товарен лист за отправување на празен вагон-приложен".
5. Право на предавање на вагони на корисникот на превоз распоредени во железнички вагонски парк има само сопственикот кој е назначен на вагоните. Доколку се појави друг испраќач на празни или натоварени вагони, треба во отпремната станица заедно со товарниот лист и писмено овластување од сопственикот на вагоните.

***Празен вагон***

6. За превоз на празни вагони на корисникот на превозот и вагони дадени во закуп во редовен сообраќај, превознината се пресметува врз основа на сопствената маса на вагонот заокружена на 100 кг нагоре, но најмалку за 10.000 кг по превозен став кој одговара и тарифната класа која одговара од класификацијата и така пресметаната незаокружена превознина се намалува за 70%.
7. За превоз на празни вагони на корисникот на превоз и вагони дадени под закуп кога се упатуваат од истовар на чистење, од чистење на товарење, од чистење или

истоварување во работилница или се враќаат од работилница, за пресметување на превознината се применуваат условите од точка 6 од овој член.
Услов за примена на претходно наведеното е, корисникот на превозот во товарниот лист да го впише бројот на товарниот лист од претходно извршениот превоз.

***Натоварен вагон***

8. За превоз на стока во обични вагони на корисникот на превозот и вагони дадени во закуп (затворени или отворени), превознината се пресметува според општите тарифни прописи за пресметување на превознина и така пресметана незаокружена превознина се намалува за 20%.
9. За превоз на стока во специјални вагони, превознината се пресметува според општите тарифни прописи за пресметување на превознина и така добиената незаокружена превознина се намалува за 30% за вагони на корисникот на превозот, а за специјалните вагони дадени во закуп за 20%.
10. За превоз на гас (плин) во цистерни и вагони со машини за разладување без простор за товарење-сопственост на корисникот на превоз, превознината се пресметува за сопствената маса на употребените вагони според општите тарифни прописи и така пресметаната незаокружена превознина се намалува за 30%, а за вагони дадени во закуп се намалува за 20%.

Член 57

**Маршрутен воз на испраќачот**

***Општи услови***

1. Под маршрутен воз на испраќачот се подразбира превоз на најмалку 500.000 кг на ист вид стока товарена во повеќе вагони или превоз на празни вагони на корисникот на превоз или вагони во закуп. Маршрутниот воз на испраќачот се предава на превоз со еден товарен лист.
   Одобрение за отправување на маршрутен воз дава превозникот, кое треба да биде впишано во соодветна рубрика од товарниот лист
2. Испраќачот е должен со товарниот лист да приложи и пополнет дополнителен лист во онолку примероци колку што е товарниот лист.
   Дополнителниот лист го изготвува испраќачот и истиот треба да ги содржи податоците од товарниот лист кои се потребни за превозникот и другите органи на управата мострата.
   Покрај основните податоци за испраќачот, примачот, отпремна станица, упатна станица, број на товарен лист и вид на стока, во дополнителниот лист треба да бидат впишани и податоци за бројот на вагоните, нивната дара, нето-товарена маса и податоци за евентуално употребен товарен прибор.
3. Измена на договорот за превоз може да се даде само за цел маршрутен воз.

***Пресметување на превознината***

4. Вкупната пресметковна маса не може да биде помала од 500.000 кг и е потребно да биде задоволен условот најмалку 5.000 кг по оска за натоварен вагон, односно 10.000 кг за празен вагон.
5. Пресметување на превознината за товарен маршрутен воз на испраќачот се врши според општите тарифни прописи врз основа на видот на стоката, видот и типот на вагон (обични или специјални) и сопственоста на употребените вагони (сопственост на железницата, корисникот на превозот или под закуп).
6. Пресметувањето на превознината за превоз на празни вагони на корисникот на превозот и вагони во закуп се врши врз основа на нивната дара според општите тарифни прописи.
7. Надоместоците за споредни услуги се пресметуваат посебно за секој вагон, освен надоместокот за измена на договор за превоз и реекспедиција, кои треба да се пресметуваат од пратка, а не од вагон.

Член 58

**Пратки во посебни товарни возови**

1. Посебни товарни возови се воведуваат само со посебен договор помеѓу испраќачот и превозникот.

2. Доколку во поглед на пресметување на превознината со посебен договор не е договорено на друг начин, превознината се пресметува посебно за секоја пратка според општите тарифни прописи како што е наведено во член 57, точка 5.
3. Превознината за посебен товарен воз не може да биде помала од превознината пресметана за маса од 500.000 кг по прва тарифна класа и 25-тонски превозен став за односното растојание.

Член 59

**Пратки во група вагони**

1. Група вагони (празни или товарени со ист вид стока) се примаат на превоз само со претходно одобрение на превозникот, кое треба да биде впишано во соодветна рубрика од товарниот лист.
   Пратки во група вагони се предаваат на превоз со еден товарен лист.
2. Доколку е одобрен превоз на група вагони, и тоа повеќе од 4 вагони, испраќачот е должен со товарниот лист да приложи и правилно пополнет додатен лист.
3. Измена на договор за превоз може да се даде само за цела група, за ист примач и за иста упатна станица.
4. Превознината се пресметува според општите тарифни прописи како што е наведено во член 57, точка 5 и 6.
5. Надоместоците за споредни услуги се пресметуваат посебно за секој вагон, освен надоместокот за измена на договор за превоз и реекспедиција, кои треба да се пресметуваат од пратка, а не од вагон.
   Исклучително од став 1 на оваа точка, за пратка во група вагони која од технички причини не може да се раздвои, надоместокот за пречекорување на рокот за истовар се пресметува поединечно за секој вагон од групата, за цело време додека целата група вагони не се истовари.

Член 60

**Довоз и одвоз на стока**

(Се изоставува.)

Член 61

**Делумно донатоварување или истоварување во текот на превозот**

1. Делумно донатоварување на вагонски пратки може да се врши:
   1) поради донатоварување на истоварен претег од некоја претходна пратка во попатна станица по упатство на испраќачот;
   2) поради подобро искористување на вагонот на целиот превозен пат по барање на корисникот на превозот.
2. Во поглед на располагање со претегот (кој е истоварен од некоја пратка), испраќачот може да бара:
   а) дотоварување во некоја следна пратка;
   б) враќање во отправната станица;
   в) издавање во станица во која е истоварен делот на стоката;
   г) отправување за иста или некоја друга станица.
3. За претегот од точка 2 (кој е истоварен од некоја пратка), превознината се пресметува:
   - за барањето под а) за вкупна маса на пратката вклучувајќи ја и масата на донатоварениот претег од отправната до упатната станица. При барање на дотоварување на претег, испраќачот во товарниот лист на пратката со која бара да се отправи и претегот, во соодветната рубрика од товарниот лист ја впишува забелешка **"барам донатовару-вање на претег од кг во станица ________"**;
   - за барањето под б), според општите прописи за пресметување на превоз-нината, таа се зголемува за 100%, при што испраќачот мора да поднесе пополнет товарен лист;
   - за барањата под в) и г), според општите прописи за пресметување на превоз-нината, при што испраќачот е должен во отправната станица да поднесе пополнет товарен лист со впишана маса на претегот поради склучување на

договор за превоз. Станицата товарниот лист ќе го достави во станицата која го истоварила претегот поради издавање на пратката или понатамошно отправување.

4. За извршено дотоварување на претегот се пресметува надоместок за натоварување. За задржување на вагон во кој се врши дотоварување на претег се пресметува вагонска денгуба, но најмногу за 24 часа.

ЕДНООБРАЗНИ ПРАВИЛА ЗА ПАКУВАЊЕ И ТОВАРЕЊЕ
НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА СТОКА

Подолу наведените стоки, железницата ги прима на превоз, само ако се исполнети пропишаните услови за пакување и товарење.

| **РЕДЕН БРОЈ** | **ВИД НА СТОКА** | **ПРОПИСИ ЗА ПАКУВАЊЕ И ТОВАРЕЊЕ** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **1.** | Велосипеди, моторцикли и сл. | Цврст заштитен рам. Секое возило мора да биде добро прицврстено во рамот. По потреба возилото може дополнително да се заштити од сите страни со брановиден картон или со друга подлога која одговара. Доколку седлото и управувачот стрчи од рамот или пакувањето, мораат да бидат обезбеде-ни со заштитна обвивка која одговара.<br>Погонското гориво во садовите на превозните средства кои служат за нивен погон или работа на нивните посебни уреди (на пр. уреди за ладење), ако славината е помеѓу моторот и садовите на моторен велосипед и велосипед со помошен мотор, чии резервоари содржат погонско гориво е затворена при превозот, а натоварени се во вертикална положба и обезбедени од превртување, не се применуваат прописите на РИД. |
| **2.** | Бои, ако не се наведени во РИД класа 3 | Бои, мораат да бидат спакувани во вреќи, буриња или сандаци кои се непропустливи за прав (спре-чено е растурање), а се натоваруваат во затворени вагони. |
| **3.** | Буриња и други садови, празни, кои биле пополнети со нагризувачки (корозни) или смрдливи течности, а не се наведени во РИД. | Бурињата и другите садови мораат да бидат надворешно суви и добро затворени. |
| **4.** | Керамиди, цигли, блок-цигли. | Керамиди, цигли или блок-цигли се натоваруваат на соодветна палета. Товарот на палетата мора да биде изравнет со работ на палетата.<br>а) Товарот на палетата се обвиткува во термо-тунел со подебел термособирачка ПВЦ-фолија. Фолијата, во тунелот се заварува од сите страни.<br>б) Товарот се обмотува со автоматска ротациона машина за обмотување на палетизирани пратки или рачно растеглива (еластична) пластична фолија со најмала ширина од 380 мм и најмала дебелина од 0,025 мм. Рабовите на фолијата мора да бидат составени или преклопени.<br>Во вагонот, палетите се натоваруваат една до друга (без меѓупростор) и мораат да бидат осигурани од придвижување и превртување. |
| **5.** | Цвеќе, природно. | Цврсти корпи од трска, врбови гранки или картонска |

| | | |
|---|---|---|
| | | кутија . |
| **6.** | Дрвен и ретортен јаглен, ретортен графит (мелен или во зрно) и саѓи, ако не се свежо жарени. | Јаглен и саѓи, мораат да бидат спакувани во такви обвивки кои се непропусливи за прав (спречено растурање). |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| **7.** | Друмски моторни возила (автомобили, камиони и сл.) | Возила се примаат на превоз само ако прозорите и вратите затворени, заклучени и пломбирани. Ако таквите возила се оштетени или ако прозорите и вратите неможат да се затвораат или заклучат, мораат да се покријат со покривка, со тоа што покривката се пломбира со железнички пломби. Сандаци со резервни делови кои лесно можат да се отуѓат без видливи оштетувања на возилата, мораат да бидат затворени со челична лента и сместени во пломбирана кабина на пре-возното средство. Доколку не постои можност да се сместат во кабината, мораат да се прицврстат за подот на вагонот. Со секој сандак треба да се стави список (спецификација) на содржината.<br>Возилата чии садови содржат погонско гориво, мораат да се натоварат и сместат во вертикална положба на тркала и да се обезбедат од превртување. Прицврстувањето на возилата од недозволено придвижување со клинови, гредички и со врзување за вагонот мора да се изврши пред превозот согласно со Правилникот РИВ, Прописи за натоварување на вагони. За погонското гориво кое се наоѓа во затворени помошни садови, под услов да се добро прицврстени на овие возила и доколку славината е помеѓу моторот и садот да е затворена, а електричниот спој прекинат, при превозот не се применуваат прописите од РИД. |
| **8.** | Електрични бојлери | Електрични бојлери се пакуваат во кутии од брановиден картон со соодветна издржливост. Во кутијата, предметот се обезбедува од придвижување со профилирани стиропор-влошки, влошки од брановиден картон или со комбинирани влошки. Кутијата мора да биде видно означена со знаци во пропишани димензии и тоа: чадор, две стрелки, чаша. |
| **9.** | Формалдехид во раствор (формалин), смрдливи уља и амо-њак во раствор. | Овие материи мораат да бидат спакувани во јаки, потполно непропусливи садови, а се натоваруваат во затворени вагони.<br>Празните садови кои биле полнети со овие материи мора да се предадат на превоз во ис-правна состојба и не смеат да пропуштаат никаков мирис.<br>Во товарниот лист мора да се означи нивната претходна употреба. |
| **10.** | Ѓубрива од позиција 4600 на Класификацијата на стока од оваа Тарифа Дел 2. | Ѓубривата мора да бидат пакувани во вреќи кои го спречуваат нивното растурање, а се натоваруваат во затворени вагони.<br>Меѓутоа, природни минерали фосфати (трикалциумфосфат), потоа Томасова згура и Томасово брашно се превезуваат во растурена состојба во отворени вагони, со тоа да испраќачот на свој трошок ги обезбеди отворите на вератите, подот и страниците на вагонот од растурање на стоката. |
| **11.** | Играчки и мали кршливи стоки. | Рамови од летви однатре заштитени со слама или со јак картон. Кршливи мали предмети со поголема вредност мораат да бидат пакувани во сандаци или кутии од картон. |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Јајца. | Сандаци или кутии од картон. Јајцата мораат да бидат заштитени од кршење со влошки во облик на јајце или со напласти од дрвена волна или на друг сличен материјал. |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| **13.** | Кристал, фајанс, порцелан, стаклена стока, грнчарија, литографски камења, теракота, апарати. | Сандаци, рамки, гајби со доволна цврстина или кутии што одговараат од картон. Секој предмет мора да биде завиткан во слама, дрвена волна или стиропор, така да предметите помеѓу себе не се допираат и да се спречи нивното поместување. |
| **14.** | Квасец во течна или цврста состојба, освен сув пекарски квасец (пеница, герма) | Квасецот се прима на превоз само во садови кои се така затворени да пропуштаат воздух. |
| **15.** | Лој. | Лој растопен (пресуван) мора да биде запакуван во садови што непропуштаат, како буриња, качиња и сл. Во декември, јануари и февруари стопен лој може да биде запакуван и во вреќи.<br>Суров нестопен (непресуван) лој може да се пакува и во пластични вреќи што не пропуштаат. |
| **16.** | Мермер обработен. | Мермер грубо обработен мора по целата површина да биде заштитен со соодветна обвивка и добро прицврстен со накрсни летви. фино обработен мермер и мермер во плочи мора да биде запакуван во сандаци, рамки или гајби, добро наполнети со слама, сено или со дрвена волна. За уметнички предмети важи ред бр. 38 од овој список. |
| **17.** | Намештај. | Намештајот мора да биде заштитен со обвивка од брановиден картон, асура, рогузина и сл. добро осигуран од удари и оштетувања. |
| **18.** | Огледала. | Сандаци или потполно затворени рамови, изработени на начин да неможе да се превртат или кутии од картон. Внатре огледалата мора да бидат заштитени со слама, сено, дрвена волна или влошки од картон. |
| **19.** | Окитен (полиетилен)-пластична маса во облик на гранули. Окирол (полистирол)-пластична маса во облик на гранули. | Полиетиленски вреќи со сопствена маса (тара) 200 грама. Се изработуваат од окитен, т.е. провидна пластична маса, дебелина помеѓу 0,20 и 0,25 мм.<br>Затворање на вреќите е извршено со електроотпорно варење, а на секоја вреќа има втиснат потполн назив на произведувачот (окитен или окирол) и нето маса на пакувањето. |
| **20.** | Отпадоци од волна и памук, вештачка волна и памук, од крпи, лен, коноп, јута и останати текстилни влакна. | Отпадоците треба да се спакувани во обвивки кои се непропусливи за прав (спречено е растурање); |
| **21.** | Пернати животни. | Корпи и кафези со толку густи решетки, така да живината неможе да излезе или да ја извади главата низ решетките, односно ѓубрето неможе да паѓа. |
| **22.** | Плочи од кршлив материјал, плочи од шкрилци, изработки од мозаик. | Сандаци или рамови од летви. Ако е во прашање изработена стока, потребна е внатрешна амбалажа. |
| **23.** | Плочи од лиено железо. | Сандаци, рамови или гајби. Покрај тоа, делови на печки од лиено железо кои стрчат мораат да бидат осигурани. |
| **24.** | Радијатори, ребрасти цевки. | Рамови од летви. |
| **25.** | Преработки од риби, ракови, школки, морски ежеви, жаби, желки и полжави наменети за извоз. | Сандаци и картонски кутии во кои се пакуваат преработките мораат да бидат цврсто заковани, односно добро затворени, а од надворешна страна заврзани со челична лента или со челична жица. |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| **26.** | Стока во растурена состојба (житарици, мешункасти плодови, зејтинести плодови и зејтинести семки, мелени руди и.т.н.) | Стока во растурена состојба можат да се предадат на превоз само како вагонски товар. Испраќачот на свој трошок ги обезбедува отворите на вратите на вагоните со ринфуз-уреди, подот и страниците на вагонот од растурање на стоката со обложување на подот и страниците на вагонот со соодветна хартија или друг соодветен материјал. |
| **27.** | Садници, жбунови и останати живи билки. | Рамови од летви или обвивка од слама, рогозина, прачки, асура и сл. кои мора да бидат добро врзани. |
| **28.** | Шира, непревриено вино, сокови од плодови и слични течности во состојба на вриење, во буриња. | Буриањата мора да имаат уреди (оддушци, цевки и сл.) кои овозможуваат излегување на гасовите. |
| **29.** | Машини за шиење, електрични апарати, радио-апарати, фрижидери и сл. | Добро прицврстени во рамови од отпорно дрво или во јаки картонски кутии. Машините и апаратите мораат да бидат заштитени со влошки од брановиден картон или од дрг подесен материјал. |
| **30.** | Течности во шишиња и стомни. | Добро заковани сандаци од дрво со соодветна дебелина и јачина или јаки картонски кутии. Секое шише и стомна мора да бидат оддвоени еден од друг обмотани од плетена слама и со други заштитни средства кои имаат исто дејство. Наместо плетена слама може да се употреби обична или сецкана слама. Освен тоа, шишињата можат да се сместат и во сандаци со прегради, под услов, сандаците да имаат капаци кои ги штитат шишињата. |
| **31.** | Течни мрснотии и останати леснотопливи предмети. | Непропустливи буриња или канти поврзани во сандаци. |
| **32.** | Течности во шишенца (фармацевтски производи, парфимерија и сл.) | Метални кутии, сандаци од дрво со соодветна дебелина и јачина или јаки картонски кутии. Во кутиите или сандаците, шишенцата мора да бидат заштитени со материјал за пополнување кој впива течност. |
| **33.** | Телевизори. | Телевизори се пакуваат во кутии од брановиден картон со соодветна издржливост, со обезбедување од поместување со профилиран стиропор-влошки, влошки од брановиден картон или со комбинирани влошки. Поради појачување на пакувањето во транспортната кутија може да се вметне и дрвен рам. Кутијата мора да биде видно означена со знаци во пропишана димензија: чадор, две стрелки, чаша и екран. |
| **34.** | Тркала од велосипед. | Сандаци, рамови, гајби или кутии од картон. |
| **35.** | Уметнички предмети. | Сандаци. Секој предмет мора во сандакот да биде обезбеден од поместување, а празнините мораат да бидат исполнети со свилена хартија или со друг соодветен заштитен материјал. |
| **36.** | Воздухопловни возила, па и без мотор, и нивни делови ако се изработени од леснозапаллив материјал, не пакувани, односно пакувани и осигурани со леснозапаллив материјал (слама, дрвена волна и сл.) | Возила мораат да се натоварат во затворени вагони или во отворени вагони со покривка. Во садовите на моторите не смее да има погонско гориво. |
| **37.** | Возила на акумулаторски погон (електрокари, колички за превоз | Возилата мора да бидат снабдени со уреди кои го исклучуваат доводот на електричната енергија во |

| | |
|---|---|
| на багаж, виљушкари и сл.) | моторите и со тоа го спречуваат покренувањето на возилата. Испраќачот во товарниот лист ќе ја впише изјавата дека овој услов е исполнет. |

# ПРИЛОЗИ - МОСТРИ

К - 24
К - 160
К - 180
К - 181
К - 257
К - 263
К - 288
Кол - 23